Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

Филозофски факултет – Скопје

Институт за социјална работа и социјална политика

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА

# ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА-ЖРТВИ И СВЕДОЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО ПРАВНИТЕ ПОСТАПКИ

Ментор:
Проф. д-р. Наташа Богоевска

Кандидат
Љупка Секулоска
Број на индекс:
4828/15

Скопје, 2018

## СОДРЖИНА


**ВОВЕД** .......................................................5

**I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**

1. ДЕФИНИРАЊЕ И ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО....9

1.1 Теории за причините за семејно насилство.......................10

1.2 Последици од семејното насилство.......................13

1.3 Видови семејно насилство.......................15

1.4 Правно дефинирање на семејното насилство.......................16

1.5 Правно дефинирање на поимот дете-жртва.......................18

2. ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ И СТАНДАРДИ И НИВНАТА ПРИМЕНА ВО ЗАШТИТАТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.......................20

2.1. Детето како објект на заштита во меѓународните документи.......................21

2.2. Конвенција за правата на детето од 1989 на ОН и Општи коментари на Комитетот за права на детето.......................25

2.3. Основни принципи и нивната примена во заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на кривични дела во земјите-членки на ЕУ............28

2.4. Добри практики на земјите-членки на ЕУ за сослушување на дете-жртва и сведок на семејно насилство и други кривични дела.......................32

3. НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА-ЖРТВИ И СВЕДОЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.......................39

3.1. Развој на националното законодавство во заштитата на правата на децата-жртви и сведоци.......................39

3.2. Носители на активностите за заштита на жртвите и сведоците на семејно насилство.......................42

3.2.1 Други актери во обезбедувањето помош и поддршка на жртвите на семејно насилство- Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.....43

3.3. Мерки за заштита на жртви и сведоци на семејно насилство .....45

3.3.1. Мерки за заштита кои ги презема Центарот за социјална работа.....46

3.3.2. Мерки на заштита кои се однесуваат на вршењето на родителското право во случаи на злоупотреба на детето.....47

3.3.3.Привремени мерки за заштита.....49

3.3.4. Посебни мерки на процесна заштита на деца-жртви и сведоци.....51

3.3.5. Мерки за заштита што ги презема Одделението за заштита на сведоци.....52

3.4. Постапување со деца-жртви и сведоци на семејно насилство.....53

3.4.1. Постапување на Центрите за социјална работа.....54

3.4.2. Постапување на полицијата .....57

3.4.3. Постапување на Јавото обвинителство.....59

3.4.4. Постапување на судот по кривични предмети во кои се вклучени деца-жртви и сведоци на кривични дела сторени при вршење на семејно насилство.....61

3.4.5. Постапка за обесштетување.....63

3.4.6. Постапување на судот во граѓанско-судските постапки за заштита на деца-жртви и сведоци на семејно насилство.....64

3.4.7. Семејното насилство и концептот на ресторативна правда.....66

II. **ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ**

1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....68

1.1.Општествена и научна оправданост.....68

1.2.Формулирање на проблемот на истражување.....69

1.3. Предмет на истражување.....70

1.4.Цели  на истражување .....70

1.5.Хипотези на истражување.....71

1.6.Метод на истражување.....72

2. РЕЗУЛАТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.....73

2.1. Анализа на податоци за обем, вид и начин на кривични дела сторени при вршење на семејно насилство.....73

2.2. Анализа на состојбата во заштитата на правата на децата-жртви на семејно насилство.....79

2.3. Анализа на податоците од Народниот правобранител.....89

2.4. Анализа на податоците од извештајот од мониторингот на спроведувањето на Законот   за псз од семејно насилство на Националната мрежа против насилство врз жените и  семејно насилство.....92

2.5.Истражувања на невладините организации во областа на семејното насилство..97

**ЗАКЛУЧОЦИ.....99**

**ПРЕПОРАКИ.....106**

**ЛИТЕРАТУРА.....110**

## ВОВЕД

Семејното насилство е атрибут на човештвото кој го следи од неговото создавање. Тоа е универзална појава која не може да се поврзе со определена нација, култура или вера. И покрај тоа што тоа го разорува семејството, како основна ќелија на општеството, а, со тоа, ги поткопува и темелите врз кои почива општеството, семејното насилство не многу одамна се препознава, се дефинира и разбира. Првите истражувања во оваа област се споведени дури во доцните осумдесети години од минатиот век кога семејното насилство, конечно, излегува од сенка и добива посебен третман и внимание.

Семејното насилство, како негативен општествен феномен, и по три децении не губи од својата актуелност и, освен што се спроведуваат бројни истражувања на оваа тема, постигнат е вистински напредок во сите три сегменти на борбата за негово сузбивање, а тоа се: спречување на семејното насилство, помош и поддршка на жртвите и гонење на сторителите. Наспроти фактот што постои отсекогаш, семејното насилство се категоризира како “современ облик на насилнички криминалитет”(Игњатовиќ, 2000). Тоа дури неодамна е препознаено како вистинска општествена опасност и е инкриминирано како кривично дело.

Физичкото и емоционалното насилство врз децата предизвикува најолем интерес кај стручните лица, со оглед на психичките и физичките својства на жртвата, но и на емоционалната поврзаност со сторителот на насилството. Семејството може да стане центар на притисоци, особено ако недостасуваат материјални средства за егзистенција, па насилството често пати станува вентил за фрустрациите на родителите. Постојат родители кои сметаат дека имаат и легитимно право да ги малтретираат своите деца и ги третираат како своја приватна сопственост.

Наместо семејството да биде извор на емоционална поткрепа за децата и нишка која најтесно ќе ги поврзува членовите на семејството, тоа,

понекогаш, може да биде место во кое се одвиваат најбрутални напади на личноста. За жал, во најголем број случаи, тоа останува прикриено и од родителите и од децата и, поради традиционалната затвореност на семејството, тоа се смета како приватна работа која не треба да ја интересира пошироката заедница. Токму поради недостатокот од непристрасни сведоци на семејно насилство, беспомошноста на децата-жртви и сведоци и недоволната поддршка од другиот родител, општеството има нереална претстава за квантитативната димензија на семејното насилство. Жртвите, често, поради страв или срам од стигматизација, го пријавуваат насилството многу години по неговото престанување на насилството или воопшто не го пријавуваат. Освен тоа, децата не знаат како да се заштитат или премногу се исплашени за да побараат помош. Некои од нив го доживуваат насилството како нормална, секојдневна појава, нешто со кое се научиле да живеат.

На децата кои живеат во насилничка средина им се менува перцепцијата за основните вредности во животот од причина што, наместо семејството да биде средина во која ќе најдат емоционална поддршка и заштита, тоа е средина која им нанесува загрозеност, несигурност и страв.

Доживувањето на семејното насилство како жртва или сведок на насилството или друго кривично дело има огромно влијание врз човековиот живот, особено ако жртвата е дете. Доживеаната траума може трајно да ја уништи можноста детето нормално да живее и да се развива, односно сосема да го онеспособи во воспоставувањето нормална комуникација со врсниците, семејството и пошироката средина. Децата кои биле жртви на семејно насилство многу почесто стануваат жртви на злоупотреба во иднина. Не ретко е т.н. меѓугенерациско пренесување на насилно однесување – децата-жртви самите стануваат насилници како последица од доживеаните трауми во детството. Виктимизацијата во детството го зголемува ризикот од малтретирање на сопствените деца.

Покрај примарната виктимизација, детето жртва или сведок на семејно насилство, учествува во правните постапки пред институциите на

системот. Стресот што детето го доживува со учеството во судската постапка, особено кога тоа сведочи и е принудено повторно да го доживува настанот, може да ја разниша довербата на детето во луѓето, како и самодовербата.

Затоа секое општество мора да обезбеди услови да се избегнат или, барем, колку што е можно, да се намалат овие последици, дотолку повеќе што децата се особено чувствителни и имаат потреба од заштита од т.н. секундарна виктимизација (повторна виктимизација која што е резултат на постапувањето на институциите со детето). Потребно е да се постават мерки со кои на децата ќе им се пружи безбедност, заштита од стрес и заплашување, а исто така ќе им се олесни учеството во правните постапки.

Понекогаш учеството на детето може да има клучна улога во спроведувањето на постапката , но е потребно да се направи баланс помеѓу правото на детето да биде заштитено, односно неговиот најдобар интерес, и општествениот интерес да се открие и санкционира сторителот на кривичното дело.

Основен предмет на магистерскиот труд се ефектите од имплементацијата на новите законски решенија за заштита на правата на децата жртви и сведоци на семејно насилство во правните постапки пред управните и судските органи, но пред сѐ, постапувањето на надлежните институции и службени лица во заштитата на децата- жртви и сведоци на семејно насилство.Трудот е поделен на два дела, теоретски и истражувачки дел,заклучок и препораки.

Во првата глава од теоретскиот дел е разработен поимот семејно насилство, се врши негово дефинирање и поимно определување, и се разработуваат видовите и облиците во кои тоа се јавува. Во оваа глава се претставени различните теории и учења за причините кои доведуваат до семејното насилство, последиците од него и факторите кои го условуваат однесувањето на насилниците и жртвите.

Втората глава се однесува на меѓународните принципи и стандарди што се содржани во меѓународните документи  и нивната примена во заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство,. Исто така, во оваа глава се презентирани компаративни искуства на европските земнјиво заштитата на децата жртви и сведоци на насилство, со фокус на спроведување на интервју и сослушување на деца-жртви и сведоци.

Третата глава од теоретскиот дел на трудот се занимава со развојот на националното законодавство во заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство и, во него, се елаборирани законските решенија за оваа проблематика. Исто така посебен осврт е направен на постапувањето на надлежните институции со децата-жртви и сведоци и мерките што ги применуваат во ситуација на семејно насилство.

Во вториот- истражувачки дел , се презентираат сознанијата добиени по пат на  квалитативна анализа на пишан и електронски материјал (законски правни акти, релевантна литература, извештаи на меѓународни и домашни организации и институции).Исто така, извршена е анализа на статистички и друг вид  податоци добиени од релевантни институции кои се однесуваат на практичната примена на националната правна регулатива и меѓународните стандарди во заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство. Дел од податоците за истражувањето се собрани на индиректен начин- од извори кои располагаат со потребните информации.

На крајот на магистерскиот труд се презентирани заклучоци и препораки за унапредување на  законските решенија и институционалните капацитети за имплементација на основните стандарди во постапувањето со децата.

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ И ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Семејното насилство, како негативна општествена појава, долго време се провлекуваше затскриено како некаков вид на табу, а од неодамна општеството стана свесно за овој проблем и сѐ побројни стануваат истражувањата што се занимаваат со оваа појава. Ваквите проучувања во правец на разбирање на феноменологијата и етиологијата на семејното насилство се пресудни за осмислување и донесување мерки и програми за негово сузбивање.

Дефиницијата за насилство дадена во Светскиот извештај за насилство и здравје на Светската здравствена организација препознава три категории: насилство кон себеси, интерперсонално и колективно насилство. Семејното насилство како интерперсонално насилство се дефинира како насилство што настанува помеѓу членовите на семејството и интимните партнери што, вообичаено, но не секогаш, се случува во домот.

Во Декларацијата на ООН за елиминирање на насилството, семејното насилство се дефинира како " физичко, сексуално и психичко насилство што се јавува во семејството..."

Арнаудовски смета дека тоа е „примена на физичка и психичка сила спрема членовите на семејството со загрозување и повредување на чувството на сигурност и односите на доверба, исполнување контрола и надмоќ над членовите на семејството..."

Морисон семејното насилство го разбира "не како насилство во семејството предизвикано од мажите, туку како насилство предизвикано од општествено конструирано однесување на мажите".

Најцитираната, а наедно и најсеопфатна дефиниција на семејното насилство е содржана во Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Советот на Европа (Истанбулска конвенција), според која:

'Домашно насилство означува акти на физичко, сексуално, психичко, економско насилство што се случува во рамките на семејството или домаќинството, односно помеѓу поранешни и сегашни сопружници или партнери, без оглед на тоа дали сторителот го дели истото живеалиште со жртвата...'

Насилството, воопшто, вклучително и семејното насилство, го сочинуваат две основни компоненти и тоа: агресивноста (како психичко својство на личноста) и агресивно поведение (како дејствие на напад). Агресијата е диспозиција, односно својство кое го определува насилното однесување и кое, во својот корен, содржи намера некому да му се нанесе повреда или штета. Агресијата е во природата на човекот, но кај социјализираните луѓе тлее во латентна форма некаде длабоко во потсвеста. Неприспособените и несоцијализирани индивидуи многу почесто отворено манифестираат агресија и прибегнуваат кон насилничко однесување. Токму поради тоа што агресијата е составен дел од феноменот насилство, таа треба одделно да се разгледа со цел подобро да се разбере етиологијата и феноменологијата на семејното насилство.

## 1.1. Теории за причините за семејното насилство

Причиноста на семејното насилство е прашање кое предизвикува сè поголемо интересирање на науката. и тоа резултира со појава на голем број теории и различни пристапи за тоа што е пресудно за појавата на насилство во семејството.

Повеќето истражувачи и автори кои се занимаваат со проблематиката на семејното насилство се согласуваат дека не постои само една причина за појавата на семејното насилство, но и на насилството и агресијата воопшто. Меѓутоа еден дел од теоретичарите сметаат дека еден изолиран фактор се јавува како причинител на агресија и насилство.

Различни теории одразуваат различни ставови за потеклото на агресијата:

- Психолошките теории се на став дека агресијата како и деструктивноста е биолошки вроден нагон-инстинкт на човекот и ги негираат сите други фактори кои влијаат на појавување на агресија и насилство.
- Бихејвиористичките теории сметаат дека агресијата е последица на фрустрации поради неисполнување на некои потреби
- Сепкултурната теорија докажува дека агресивното однесување не е вродено туку тоа се учи како и секое друго поведение.

Меѓутоа и агресивноста и насилството треба да се разгледуваат преку едно интегративно гледиште кое ги опфаќа сите овие поединечни ставови и теории.

Мајлс, на пример, разграничува микро објаснувања (каде што причините за семејното насилство се лоцираат во психолошкиот профил на сторителот) од макро објаснувања (кои го опфаќаат и поширокото опкружување на сторителот).

Семејното насилство се јавува како резултат на повеќе фактори кои дејствуваат интерактивно, кои можат да бидат социјални и демографски, но и индивидуални. Постојат фактори кои влијаат на сторителот на семејното насилство како и и фактори кои влијаат на жртвата.

Од социјално-демографските фактори би требало да се издвојат: полот, возраста, примањата, местото на живеење, образованието, патријархалното воспитување.

Од индивидуалните фактори значајни се да се споменат: лабилната психичка состојба, алкохолизмот, зависноста од дроги, љубомората, страв од напуштање, отсуство на почит кон жртвата, отсуство на самопочит, психичкиот развој на личноста (особено кога е доживеано насилство на помлада возраст, т.н. меѓугенерациски пренос на насилството- децата се идентификуваат со родителите), стресот, погрешните традиционални убедувања на личноста за супериорност на мажот, социјалната неприлагоденост, карактерните нарушувања како низок праг на толеранција, експлозивниот карактер, слабата контрола на импулси и др.

Колку и да се чини необјасниво вршењето насилство спрема член на семејството, особено спрема лице кое е толку ранливо и беспомошно како што е детето, голем број психолошки и социолошки теории се обидуваат да ја објаснат етиологијата на семејното насилство. Така на пример, според Екерс, криминалното и насилното однесување се учи и лицата кои како деца доживеале семејно насилство, многу поверојатно и самите ќе го повторат ова однесување. Како што сторителот на семејно насилство го научил ваквото однесување, така и голем дел од жените-жртви на семејно насилство уште како деца ја научиле беспомошноста и неспротивставувањето, така што станале толку пасивни што не можат да си помогнат ниту себеси, ниту, пак, на своите деца кои, директно или индиректно, и самите стануваат жртви на насилство. (Теорија на социјално учење и Теорија на научена беспомошност)

Според други теории, надмоќта- физичка и финансиска- на еден член од семејството доведува до насилство над останатите членови на семејството, додека, пак, според медицинските теории, главна причина за насилно однесување е конзумирањето на алкохол и дроги. И многу други теории, на пр. Теоријата на стрес, Теоријата на бес се обидуваат да ги објаснат причините што доведуваат до оваа појава.

Меѓутоа семејното насилство е многу комплексна појава која не може да се објасни преку еден фактор туку напротив, цела низа фактори го

детерминираат однесувањето на поединецот, било како насилник, било како жртва.

## 1.2. Последици од семејното насилство

Кај жртвите на семејно насилство (особено кај жените) постои некој вид образец на однесување, кој се карактеризира со: тенденција за намалување или занемарување на проблемот на семејното насилство, изнаоѓање оправдувања и надворешни причини за однесувањето на насилникот, верување дека насилството нема да се повтори, самообвинување и прифаќање на малтретирањето како казна за нејзиното „лошо“ однесување, крајна пасивност, понекогаш проследена со нагли изливи на бес, кои никогаш не се насочени кон насилникот туку кон децата. Тие остануваат во насилната средина поради желбата, по секоја цена, да се зачува семејството од разорување. Многу често, жртвата се плаши од неуспешен обид да побегне од насилството и ја парализира стравот од одмазда при повторното враќање на насилниот партнер или родител.

Семејното насилство не се случува наеднаш туку тоа се развива циклично. Во првата фаза, постои напнатост и помали инциденти како и обиди на жртвата да ја смири ситуацијата. Втората фаза е нагло ослободување од напнатоста со експлозија од насилство , а жртвата е во шок и често не е во состојба да реагира, освен ако не е физички многу повредена и и е потребна помош. Третата фаза е фаза на покајување и извинување, жалење за насилството и ветување дека тоа нема да се повтори. Жртвата често верува во тоа, но настојува да внимава како разговара и како се однесува надевајќи се дека, на тој начин, ќе спречи повторување на насилството.

Во зависност од возраста, децата на различен начин се соочуваат со насилството. Децата на претшколска возраст не умеат вербално да се изразуваат како возрасните и точно да го опишат насилството на кое биле

жртви или сведоци, но трауматичното искуство се манифестира со: психо-соматски симптоми (болки во стомакот, главоболки), нарушување на спиењето, повлеченост, вознемиреност при разделување од мајката, недоверба или страв од возрасните, деструктивно однесување и агресивност или, пак, претерано угодување на возрасните.

Децата на школска возраст манифестираат послушност, повлеченост, пасивност, но некогаш и агресија. Во оваа фаза на развој, децата можат да манифестираат крајно спротивни однесувања: од перфекционизам и претерана одговорност во училиштето до недостиг на концентрација и слаб успех во вршењето на училишните задачи.

Во адолесценцијата, која е најтурбулентиот период во развојот на една личност, најчести последици на насилство се суицидални или хомицидални мисли, па дури и обиди, криминални дела, бегство од домот, злупотреба на дроги и алкохол, песимизам и ниско самопочитување, неспособност за емпатија кон други лица, изолираност од врсниците.

Многу тешка последица за детето кое директно или индиректно било изложено на семејно насилство е т.н. трансгенерациски пренос на насилството. Детето го усвојува образецот на насилство како семејна вредност и, по оформувањето сопствено семејство, голема е веројатноста да врши или да трпи насилство. Според Кајзер, често сторителите, како деца, биле жртви на малтретирање и тоа го повторуваат врз сопствените деца.

Инволвираноста во правните постапки може да предизвика дополнителни проблеми поради стресот што детето го доживува, а тој може да се манифестира како „напад на паника, самоповредување, повратно сеќавање, мокрење во кревет, пореметувања во јадењето и спиењето, депресија и губење на довербата“.(Плотникоф и Вулфсон- 2007)

За жал, многу чести последици на семејно насилство се и последиците во однос на телесното здравје и тоа од релативно лесни повреди- расеченици и модринки, до тешки повреди- инвалидност, а, понекогаш и смрт.

## 1.3. Видови семејно насилство

Семејното насилство може да се јави во повеќе облици :

- семејно насилство врз деца,
- семејно насилство во блиски врски на возрасни лица ,
- семејно насилство врз стари лица и
- други форми на насилство меѓу блиски лица.

Постојат шест главни типови на злоупотреба или негрижа за дете:

- Физичка злопотреба: акти на сторување што резултираат со физичка повреда вклучувајќи и смрт на детето.
- Сексуална злоупотреба: акти на сторување вклучувајќи пенетрирање, малтретирање со генитален контакт или други форми на сексуални акти при кои сторителот користи деца за да обезбеди сексуално задоволство.
- Емоционална злоупотреба: акти на сторување кои вклучуваат затворање, вербална или емоционална злоупотреба или други видови на злоупотреба, како на пример, оневозможување на спиење, храна или засолниште.
- Физичко занемарување: акти на пропуштање што вклучуваат непружање здравствена заштита, задоцнета здравствена заштита, напуштање, протерување на детето од домот, неадекватен надзор, негрижа за исхраната и облекувањето и видлива негрижа за детето од опасности.
- Образовно занемарување: акти на сторување и на пропуштање што вклучуваат дозволување на постојано талкање, незапишување на детето во училиште и неводење сметка за специфичните образовни потреби на детето.

- Емоционално занемарување: акти на пропуштање што вклучуваат неводење грижа за воспитувањето и афекционалните потреби на детето, изложување на детето на постојани и сериозни злоупотреби, дозволување на детето да користи алкохол или други супстанции, неовозможување психолошка заштита или задоцнета психолошка нега и друго невнимание според потребите за развој на детето.“ (Груевска-Дракулевски -2013)

Во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, детално се наброени видовите на насилство во семејството и тоа:

„ - психичко насилство - дејствие кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и интегритетот на жртвата

- физичко насилство - дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето на жртвата

- сексуално насилство - дејствие на сексуален акт и сексуално вознемирување врз лице без дадена согласност на жртвата

- демнење - намерно повторено заканување кон жртвата, кое предизвикува таа да се плаши за својата безбедност

- економско насилство - ограничување или спречување во располагањето со лични приходи и финансиски средства за одржување на заедничко домаќинство и за грижа за детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата“

## 1.4. Правно дефинирање на семејното насилство

Според дефиницијата која што ја дава Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство како и Кривичниот законик на РМ, под поимот семејно насилство се подразбираат неколку категории

насилство и тоа: малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко и физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема својот поранешен брачен другар или лице со кое имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи. Под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.

Согласно Законот за семејство, семејно насилство е малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема: брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојување и старателство, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена. Под блиски лични односи се подразбираат лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница. Законот за семејство вели дека се забранува секаков вид на насилство меѓу членовите на семејството, без оглед на пол и возраст. Исто така, Законот за семејство нагласува дека се забранува секаков вид на насилство во бракот и во семејството.

## 1.5. Правно дефинирање на поимот дете-жртва

Меѓународното право, поточно Советот на Европа - Комитетот на министри, во својата Препорака Rec (2006) 8 до земјите-членки за помош на жртвите на криминал, го дефинира поимот жртва на следниов начин: „Жртва е секое лице кое претрпело зло, физичко или ментално нарушување, емоционално страдање или парична загуба, предизвикани со сторување или несторување, кое го крши кривичниот закон на државата-членка. Терминот „жртва“ ги вклучува и потесните членови на семејството на жртвата.

Според Конвенцијата на ОН за правата на детето од 1989 и Насоките на Советот на Европа по мерка на децата од 2010, „ Дете е човечко суштество кое нема навршено 18 години од животот ако, врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано.“ „Деца-жртви и сведоци се деца и адолесценти под 18- годишна возраст кои се жртви или сведоци на кривично дело без оглед на нивната улога во гонењето на престапникот.“

„Дете-жртва е лице под 18-годишна возраст кое трпи директно насилство, кога е присутно на насилни односи помеѓу членовите на неговото семејство или кога живее во средина во која има насилни односи.” На овој начин, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство го дефинира поимот дете-жртва. Тоа би значело дека детето е жртва на семејно насилство и кога не трпи врз себе директно насилство, туку и кога е и сведок на истото или живее во средина каде што се врши насилство. Терминот дете-сведок е повеќе од процесуална природа со кој се означува својството во кое детето учествува во постапката.

Националното законодавство го дефинира почетокот на детството со раѓањето и неговото завршување со достигнувањето на возраста од 18 години, кога се постигнува полнолетноста, како и целосна деловна

способност и способност за остварување на правото на глас. (Богоевска, 2017)

Правната регулатива на РМ дава повеќе дефиниции на поимот дете, но, според Богоевска, клучната дефиниција е дадена во Законот за заштита на децата, според кој како дете се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот(член 11, став 1). По исклучок од ставот 1 на овој член, при остварување на детски додаток, како дете се смета лице до наполнети 18 години живот и доколку лицето кое е на училишна возраст се наоѓа на редовно школување. Според Законот за семејството, полнолетноста се стекнува со наполнување на 18 години од животот и кога лицето се стекнува со деловна способност.

Според Законот за семејството полнолетноста се стекнува со наполнување на 18 години од животот и кога лицето се стекнува со деловна способност.

Законот за правда за децата дефинира како дете секое лице на возраст под 18 години.

Дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува droги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое, поради ваквите состојби, е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

Дете-жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање,

материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.

Според Кривичниот законик, под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права, како последица на сторено кривично дело. Под дете како жртва се подразбира лице до 18 години.

## 2. ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ И СТАНДАРДИ И НИВНА ПРИМЕНА ВО ЗАШТИТАТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Во сферата на меѓународното справување со проблемот на семејното насилство, од огромно значење е цела низа меѓународни документи кои се однесуваат на оваа проблематика- спречување на насилството врз жените и семејното насилство и тоа:

- Универзалната декларација за човекови права на ОН од 1948 г.
- Виенската декларација и акциона програма на ОН од 1993 г.
- Декларацијата за борба против насилството врз жени вклучувајќи го и семејното насилство од 2006 г. на ОН
- Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жени (CEDAW) со Факултативниот протокол кон CEDAW и Заклучните препораки кон CEDAW на ОН
- Препораката на Комитетот на министри до државите-членки за заштита на жените од насилство – Совет на Европа 2002 г.

Конечно, се согледа потребата од обликување посебна конвенција со која ќе се обезбеди посеопфатна заштита на жените и децата од насилство.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул 2011, е најсеопфатен документ кој се однесува на заштитата од семејното насилство.

Конвенцијата за превенција и борба против насилството и семејното насилство ја унапредува општествената положба на жената и има за цел да создаде обврски спрема државите-потписнички да вградат и да остварат политика со која ќе ја заштитуваат жената од секаков облик на дискриминација и насилство.

Конвенцијата се стреми кон создавање на иднина за цела Европа која ќе биде без насилство врз жените и без домашно насилство, ги осудува сите форми на насилство, особено спрема жените и децата кои најчесто се жртви на домашно насилство, како и сведоци на насилство во семејството. Секоја држава има обврска да создаде правна рамка и мерки за заштита и помош на сите жртви на семејно насилство по пат на отворање засолништа, телефонски линии, советување, пружање правна помош и спроведување на посебни итни мерки на заштита на безбедноста, но и да обезбеди превенција од семејно насилство, да придонесе во елиминирање на дискриминацијата врз жените и да се залага за меѓународна соработка, како и да даде поддршка и соработка на органите и организациите во борбата против семејното насилство. Од особено значење е и редовното следење и спроведување истражувања заради утврдување на трендовите на сите форми на семејно насилство.

## 2.1. Детето како објект на заштита во меѓународните документи

Децата како објект на заштита за прв пат се појавуваат во Женевската декларација за правата на детето од 1924 година, но важноста на детските права е потврдена со донесувањето на Декларацијата за правата на детето

од страна на Обединетите нации во 1959 г. Со оваа декларација се нагласува дека на детето му е потребна посебна грижа и заштита.

На заштитата на правата на децата- жртви и сведоци се посветени многубројни меѓународни документи меѓукои се следниве:

- Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи од 1950 година, која ги обврзува државите-потписнички да ги гарантираат неотуѓивите права и слободи на секој човек. За кршење на правата кои се гарантираат со Конвенцијата е надлежен Европскиот суд за човекови права, пред кој секое лице, како и дете, може да поднесе тужба против земја-потписничка која го извршила прекршувањето на правата. Таа исто така упатува на незадолжителност на објавување на пресудите кога во судскиот процес учествувале деца.
- Упатствата на Комитетот на министри на Советот на Европа во однос на правда по мерка на децата од 2010 година, кои претставуваат упатства за заштита на правата на децата кои дошле во допир со правосудниот систем, било како сторители, како жртви или како сведоци, како и упатства за третмани и мерки за нивна заштита од секундарна виктимизација. Тие се базираат на Конвенцијата за правата на детето и содржат упатства за секоја фаза од судскиот процес кој мора да е прилагоден на децата и заснован на на основните принципи за постапување со децата.
- Декларацијата за основните начела на правда за жртвите од криминал и злоупотреба на моќ и службени овластувања од 1988 година дава дефиниција на поимот жртва и им сугерира на државите мерки и активности со кои се гарантираат правата на жртвите, како социјална помош, надомест на штета и олеснет пристап до правдата

- Европската конвенција за остварување на правата на децата од 1996 г. обезбедува право на советување, право на изразување на сопственото видување, асистенција од друго лице по избор на детето кое би му помогнало во изразувањето на своето мислење
- Директивата 320 за воспоставување минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела на ЕУ од 2012 година која што содржи слични решенија како и другите меѓународни документи, со тоа што воведува новини како на пример: сите сослушувања на дете- жртва треба да бидат спроведени од едно лице, се забрануваат прашања за приватниот живот на детето, аудиовизуелни снимки можат да се користат за кое било сослушување.
- Упатствата на ОН за правда во ситуации кога се работи за деца-жртви и сведоци на криминал од 2005 г, кои сочинуваат 46 корисни упатства како при постапувањето со децата-жртви и сведоци да се почитуваат принципите утврдени со Декларацијата за основните начела на правда за жртвите од криминал и злоупотреба на моќ и службени овластувања. Во упатствата се содржани и права и мерки за заштита на децата-жртви и сведоци во текот на целата постапка пред органите на правосудството, но и основните принципи по кои професионалците треба да се раководат при постапувањето со децата, како на пример: забрана на дискриминација, право на учество во постапката, заштита на најдобриот интерес на детето и достоинството на детето.
- Прирачник за стручни лица кои донесуваат правосудни одлуки за прашања кои вклучуваат деца жртви или сведоци на кривични дела на UNODC и UNICEF, а кој обработува 12 теми: најдобар интерес на детето, право на детето на достоинство и сочуство, право на заштита од дискриминација, право на информираност, право на детето да биде сослушано и да ги изрази своите ставови, право на ефикасна помош, право на заштита во текот на

постапката, право на сигурност, надомест на штета, право на превентивни мерки.

- Моделот на закони за правосудство за прашања кои се однесуваат на деца жртви и сведоци на кривични дела, подготвени од страна на UNODC и UNICEF, им помага на државите да вградат во своите системи механизми за заштита на жртвите и сведоците на кривични дела, односно ги поттикнува судовите да осигурат заштита на приватноста на децата при сослушувањето во текот на судската постапка, но и по нејзиното завршување.

Останати меѓународни инструменти од областа на заштитата на правата на децата-жртви се:

- Упатства за правосудните прашања кои вклучуваат деца-жртви и сведоци на кривични дела – Заштита на сведоци и жртви- Резолуција 2004/27
- Препорака Rec (2006) 8, на Советот на Европа, Комитетот на министри до земјите- членки за помош на жртвите на криминал
- Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажбата на деца, детска проституција и детска порнографија
- Конвенцијата за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуално злоставување
- Упатства на Советот на Европа за пријателска правда за децата од 2010 година

## 2.2. Конвенција за правата на детето од 1989 г. на ОН и Општи коментари на Комитетот за права на детето

Конвенцијата за правата на детето 1989 г. на ОН е најшироко прифатена конвенција која достигнала речиси универзална ратификација и која ги обврзува државите-потписнички да ги штитат правата на децата кои се утврдени со неа преку посебни извештаи за имплементација што се поднесуваат до Комитетот за правата на детето, кој претставува надзорно тело за имплементација на Конвенцијата составено од 18 независни експерти и кој изготвува препораки за конкретната состојба со правата во земјата. Со Конвенцијата се поставуваат принципи со кои се гарантираат посебни права на децата и посебна заштита поради нивната особена ранливост, процесни гаранции и примарна грижа за најдобриот интерес на детето, но и нешто што претставува иновација- се гарантира правото на рехабилитација на децата-жртви кои страдале од суровост и злоупотреба и други права на деца-жртви на казниви дејствија. Конвенцијата ги гарантира и правата на децата на живот и личен развој, правото да биде информирано за своите права ослободено од секаков вид на дискриминација, правото да биде сослушано.

Комитетот за правата на детето има изадено 17 подетални толкувања - ошти коментари за детските права содржани во Конвенцијата.

Во својот Општ коментар бр.12, Комитетот ги објаснува сите чекори кои треба да се преземат за да се осигура ефикасна реализација на правото на детето да биде сослушано. Првиот чекор се однесува на подготвување на детето за сослушување при што му се даваат објаснувања за местото, времето и начинот за сослушување, како и за лицата кои го вршат сослушувањето. Понатаму, способноста на детето да го изрази своите ставови и мислења мора да се разгледа индивидуално, а детето мора да се извести за исходот на оваа проценка. На детето треба да му се овозможи слободно и на свој начин да го изрази својот став и мислење за неговото

вклучување во судската постапка, да му се дадат информации за текот на постапката, неговата улога во неа и можноста за употреба на заштитни мерки во постапката.

Општиот коментар на Комитетот за права на детето бр.14 се однесува на правото на детето да се води грижа првенствено за неговиот најдобар интерес во сите дејствија и одлуки кои се однесуваат на него во јавниот и приватниот сектор. Неговата цел е да се зголеми разбирањето и примената на член 3 став 1 на Конвенцијата за права на детето на кој се однесува овој Општ коментар и да се поттикне промена во ставовите во насока на потполно уважување на децата како носители на права при преземањето дејствија и донесување на поединечни одлуки на правосудните и управните органи, јавните институции, приватниот сектор, организациите. Концептот – најдобар интерес на детето е составен од три компоненти: основно право, правен принцип и правило на постапување.

Со цел да се осигура усогласеност со чл.3 став 1 од Конвенцијата, Општиот коментар им наложува на државите- членки повеќе видови на обврски:

- измена и дополнување на домашното законодавство во насока на имплементирање на најдобриот интерес на детето како материјално право и како правило за постапување,
- воспоставување на механизам за заштита- правни лекови за остварување на правата на детето,
- обезбедување на информации и едукација за практичната примена на овој член од конвенцијата,
- информирање на децата на јазик кој го познаваат.

Комитетот препорачува при проценката и утврдувањето на најдобрите интереси на детето, да се земат во предвид следниве елементи:

- слободното изразување на мислењето и ставовите на детето за одлуките кои ги засегаат,

- идентитетот на детето кој го одредуваат карактеристиките како: полот, сексуалната определба, националната и верската припадност, културниот идентитет, личните, физичките, социјалните и културните особености,
- зачувувањето на семејната заедница и одржувањето на семејните односи како негово право заштитено со Конвенцијата, освен кога одвојувањето е потребно поради тоа што ни една друга опција не може да го задоволи најдобриот интерес на детето,
- емоционалната грижа и заштита на детето од сите видови физичко, психичко, сексуално, економско, врсничко и друг вид на насилство и злоупотреба,
- ранливоста на детето, во смисла на припадност на малцинска група, статус на бегалец, бездомник, жртва на злоупотреба,
- правото на детето на здравје и образование

Државите- членки се должни да обезбедат строги процесни гаранции за утврдување на најдобриот интерес на децата при донесување на судски одлуки и одлуки во управна постапка, при што Комитетот препорачува неколку гаранциии:

- право на детето слободно да го изрази својот став,
- внимателно утврдување на релевантни факти од страна на едуцирани професионалци при согледување на елементите за процена на најдобрите интереси,
- приоритет и итност на постапките со кои се засегнати децата од причина што одолговлекувањето има негативно влијание на децата во развој,
- квалификуван стручен кадар кој има искуство во постапување со децата, организиран во интердисциплинарни тимови,
- правно застапување,

- образложеност на секоја одлука која се однесува на деца,
- механизми за преиспитување и преиначување на одлуки (жалби на одлуки).

## 2.3. Основни принципи и нивна примена во заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство и други кривични дела во земјите-членки на ЕУ

Заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство и други кривични дела во правните постапки и градењето на правен систем сензитивен за потребите на децата, треба да е цел на секое демократско општество. Овозможувањето на ефикасен систем на заштита се базира на неколку принципи односно начела кои се поставени во меѓународните документи:

- Принципот на најдобар интерес за детето е од примарно значење за сите одлуки кои се однесуваат на детето и ова начело мора да е во рамнотежа со правата на другите лица што учествуваат во постапката, особено со правата на обвинетиот во кривичната постапка. Секое дете треба да се третира фер и да се исклучи секаква дискриминација заснована на етничка, расна, религиска, национална припадност или социјален статус, инвалидитет, пол, јазик и др.
- На пример, во унгарскиот кривичен закон е предвидено испрашување на сведоци под 14 години само доколку не можат да се прибават докази на поинаков начин.( УНИЦЕФ-2010)
- Детето има право слободно и со сопствени зборови да го искаже своето мислење. Неговиот исказ не треба да се смета за невалиден само поради неговата возраст туку треба да се даде верба во сведочењето во согласност со неговиот интелектуален развој и

зрелост. Во Обединетото Кралство, на пример, постои тест за компетентност со кој се утврдува дали детето може да го разбере интервјуто и дали може да се изрази на разбирлив начин.

- Во Германија, судот може да побара извештај од експерт, најчесто психолог, за кредибилитетот на исказот на детето. За таа цел, експертот врши проценка на способноста на детето да сведочи како и на квалитетот и валидноста на исказот преку анализа на записите од предметот и интервјуто со детето. Детето може да одбие да сведочи само поради сродство со обвинетиот, но, во сите други случаи, тоа е должно да даде исказ кога ќе биде повикано од судот. (Hjelmsater, Landstorm- Brackmann- 2013)
- Сепак според Насоките на Советот на Европа, правото на детето да биде ислушано не значи и негова дожност да учествува во постапката, односно на децата треба да им се даде можност да одбијат да сведочат.
- Професионалците кои работат со децата, особено оние кои ги спроведуваат испитувањата, треба да се посебно обучени за правата и потребите на децата. Првичниот контакт на детето со правниот систем е многу важен бидејќи детето треба да се увери дека било во право што го пријавило насилството или кривичното дело и дека ќе биде сослушано. Во Шведска, на пример, е воведена специјализирана полициска обука на Полициската академија во Стокхолм со која се обучуваат професионалци за правилни техники на интервјуирање на деца.(УНИЦЕФ, Совет на Европа-2010).
- Во Обединетото Кралство, иако полицијата е надлежна за спроведување на истрагата, лицето кое го спроведува интервјуто со детето мора да е специјално обучено за тоа со цел да се изгради правилен однос со детето заради негова заштита. (Hjelmsater, Landstorm- Clark ,2013).

- Децата -жртви и сведоци и нивните родители и старатели треба да бидат информирани за нивните права, како и да имаат пристап до услугите за помош и поддршка. Со информираноста за тоа како функционира системот и како тече постапката, се намалува чувството на несигурност кај детето кое, најчесто, особено кога се работи за случаи на злоупотреба, чувствува како да нема контрола над непознатата ситуација. Обучените лица треба да бидат достапни за децата во сите фази на постапката за ги упатат до служби кои ќе им ја дадат потребната помош, било да е тоа финансиска, правна, социјална, здравствена, советодавна или друг вид на помош.
- Во Обединетото Кралство и во Швајцарија, постојат специјализирани полициски единици кои вршат проценка на потребите на сведоците и на жртвите, ги информираат и ги упатуваат до службите кои ќе им ја пружат потребната помош (UNODC/UNICEF -2009).
  - Во Латвија, за третман на децата-жртви се користат специјализирани медицински одделенија, додека во Полска, правна, психолошка и социјална помош, децата-жртви добиваат во локалните центри за поддршка, кои се дел од проектот „Мрежа на локални центри за поддршка", кој има за цел да ги координира институциите во државата (полицијата, судството, институциите за социјална помош и др.) што се вклучени во постапувањето со жртвите на кривични дела. (УНИЦЕФ, Совет на Европа-2010)
  - На децата-жртви и сведоци треба да им биде заштитена приватноста, односно идентитетот од јавноста. Во многу држави е строго ограничен пристапот до документите од судењата, јавноста е исклучена од рочиштата и на медиумите им е забрането да откриваат какви било информации што можат да доведат до откривање на идентитетот на детето.
  - Обесштетувањето на жртвите е финансиски надомест за претрпена материјална и нематеријална штета, но тоа, всушност,

претставува порака до детето дека се препознава неправдата и болката што му е сторена и дека, конечно, дошло до некакво отстварување на правдата. Државите основаат специјални национални фондови преку кои го вршат обесштетувањето доколку жртвата не може да го добие надоместот од сторителот на кривичното дело.

- Во Холандија, оштетениот може да бара надомест на штета во кривичната постапка, а судијата може да му нареди на осудениот да ја исплати оштетата. Во тој случај државата се грижи да се наплати износот од сторителот и да се пренесе на жртвата. Во случај на насилни или сексуални деликти, надоместот го обезбедува државата. Ако осудениот не го исплати целиот износ на надомест на штета во рок од осум месеци од правосилноста на пресудата, државата го исплаќа целиот износ на штета на жртвата на кривичното дело, а спрема сторителот има регресно побарување.
- Во Исланд жртвите бараат надомест на штета директно од државата и немаат обврска да се обидат првенствено да добијат обештетување од сторителот. Државата спрема сторителот има право да побарува регрес. (Савјак, Нинковиќ, 2017)
- Во истрагата и во останатиот дел од постапката треба да се спречат секакви непријатности, заплашувања и, се разбира, секундарна виктимизација, што значи дека комуникацијата на професионалците со детето треба да се одвива на чувствителен начин и техники прилагодени на детето. Контактите треба да се одвиваат во средина која ќе биде соодветна за детето и во која ќе се чувствува комфорно. Сите дејствија што се преземаат треба да го ограничат непотребниот контакт на детето со правниот систем. Во спротивно, постои ризик да се предизвика стрес и траума кај детето, а да се соберат недоволно информации и докази. Врз

основа на овие принципи се спроведува интервјуто со детето – жртва и сведок како и сослушувањето пред судот.

- Во Хрватска, истражниот судија за млади спроведува доказно рочиште со помош на стручни лица. Детето нема допир со судницата, разговорот го врши стручно лице, а сите прашања на странките и судијата, со претходно одобрение на судијата, се поставуваат преку стручното лице.
- Поддршка на децата-жртви и сведоци по сведочењето. Пожелно е стручните лица да ги контактираат жртвите и сведоците најмалку петнаесет дена по сведочењето за да се утврди како тоа влијаело врз нивниот живот, да им се даде психолошка помош, а исто така и да се информираат дали би сакале да присуствуваат на изрекувањето на пресудата.

## 2.4. Добри практики на земјите-членки на ЕУ за сослушување на дете-жртва и сведок на семејно насилство и други кривични дела

Споведувањето на интервјуто и испрашувањето е најчувствителниот дел од постапувањето со деца-жртви и сведоци на семејно насилство и други кривични дела. Тоа, во голема мерка, се разликува од вообичаеното сослушување на возрасни сведоци кое е подредено на една цел : добивање на релевантни податоци и информации. Децата го доживуваат интервјуерот како авторитативна фигура и, поради страв, неприлагоденост на ситуацијата, склоноста на децата да удоволуваат на возрасните, можат да дадат невистинит одговор на прашањата. При интервјуирање на деца, се настојува да се воспостави емоционална клима и пермисивна состојба, за да може детето да се здобие со доверба во вршителот на интервјуто, да се ослободи од цензурирани одговори на прашањата и да се добие на искреност и на квалитет на исказот. Целта на ваквото интервју е да се

утврди што доживеала жртвата/сведокот, хронологијата на збиднувањата, идентитетот на сторителот, но паралелно таа да се заштити од секундарна виктимизација.

При сослушувањето мора да се земе предвид дека начинот на кој децата приметуваат, паметат, мислат и емоционално ги доживуваат нештата е детерминиран од возраста и се разликува од оној кај возрасните. Затоа пристапот на интервјуерот треба да е развојно сензитивен и прилагоден на индивидуалните околности. Тој треба да е емоционално стабилен, одмерен, реалистичен и отворен за сите новонастанати ситуации, да одбегнува проекција на сопствените ставови, критикување на детето, затворени или сугестивни прашања.

Интервјуто или сослушувањето има неколку фази:

- подготвување на интервјуто (собирање информации за контекстот односно позадината, креирање на алтернативни хипотези и прашања за тестирање на хипотезите, одредување место и време за интервју),
- запознавање и развивање однос помеѓу интервјуерот и детето,
- поставување основни прашања,
- слободен разговор,
- воведување на главната тема,
- потстрекнување на спонтано соопштување на информации,
- прашања за разјаснување и
- завршување на интервјуто.

Поради тоа, интервјуто треба да биде внимателно подготвено, при што ќе се земе предвид фактот дека децата се крајно сугестибилни и нивната наративна способност не е толку софистицирана како кај возрасните, а детето ќе се упати каде ќе се врши интервјуто, од кого, кога и

на кој начин (најдобро е да нема голем протек на време од причина што постои веројатност детето да заборави факти битни за постапката).

Во Обединетото Кралство, особено внимание се обрнува на подготвувањето на интервјуто, се проучуваат информациите за детето и за настаните за кои детето треба да сведочи, а сè со цел да се осмисли пристапот кон детето на лицето кое го врши интервјуто и да се одреди структурата, должината, местото и начинот на водење на интервјуто (Hjelmsater, Landstorm- Rechdan-2013)

Локацијата на интервјуто треба да биде одбрана така што детето ќе се чувствува удобно и безбедно и, доколку тоа не може да се одвива во средина позната на детето (неговиот дом или центарот за социјална работа), тогаш полициските простории за интервјуирање треба да бидат посебно адаптирани за таа намена (на пример да се опремени со детски мебел или играчки). Просториите треба да се опремени со технички уреди за пренос на слика и звук.

Во секој случај, треба да се одбегне нарушување на навиките и рутините на детето со цел тоа да се заштити од дополнително трауматизирање, односно да се чувствува безбедно и сигурно.

Така, Министерството за правда на Полска има обезбедено посебни простории за интервјуирање на деца-жртви и сведоци кои се во исто време комфорни, но и специјално опремени со камери и микрофони, во кои судијата, во присуство на психолог, ги сослушува децата, додека останатите лица што учествувааат во постапката (обвинетиот, обвинителите, адвокатите) го следат сослушувањето преку двострано огледало или со видео-пренос. Во Исланд, е создадена т.н. Детска куќа со слична организација, за да се створи чувство на сигурност кај детето, а во исто време да се обезбеди координација на институциите кои работат на случајот. Разговорот со детето го врши стручно лице кое е обучено за спроведување на форензичко интревју, додека полицајците, тужителите,

судијата, адвокатите го посматраат разговорот преку видео-линк. (Совет на Европа)

Во Бугарија постојат т.н. Сини соби – простории поделени на два дела со еднострано огледало. Во едниот дел се наоѓа детето и психологот, а во другиот, сите останати странки, кои можат да следат сѐ што се одвива во просторијата каде се наоѓа детето. Двете простории имаат одделни влезови, така што е оневозможен контакт помеѓу детето и осомничениот. Користење на Сината соба може да побара тужителот и судијата, а таа се користи, не само во кривичната постапка, туку и во граѓанските постапки, кога се одлучува за правата и обврските на детето ( Савјак, Нинковиќ, 2017)

Во Холандија, децата под 12 години се сослушуваат од страна на обучен професионалец во специјални студија за интервју адаптирани за деца. Вообичаено, е само тие да се присутни на интервјуто, со тоа што може да се повика психолог, кој би имал советодавна функција, но целото интервју се снима и се следи од контролната соба. (Hjelmsater, Landstorm-Van den Eeden, 2013)

Препорачливо е детето да е што помалку инволвирано во процесот и да е подложено само на едно интервју. За тоа, државите имаат различни решенија: некаде, интервјуто го спроведува мултидисциплинарен тим, додека во други земји се користат квалификувани лица за водење интервју кои што ги прибавуваат сите релевантни докази и информации.

Во Шкотска се спроведува т.н. заедничко интервју кое е во целост доверено на полицијата и службите на социјална заштита, додека надлежните власти подготвуваат детални упатства за тој вид на интервју. (Савјак, 2017)

На почетокот на интервјуто, лицето кое што го води интервјуто треба да се претстави себеси и на детето да му го објасни текот и целта на сослушувањето и исто така да му даде до знаење дека интервјуто ќе се снима. Многу е важно детето да се чуствува олабавено и да се здобие со доверба во лицето кое што го води интервјуто, така што ќе биде доволно

слободно да каже кога некое прашање му е неразбирливо или, пак, не го знае одговорот. Детето треба да се остави со свои зборови да раскажува за настаните и, само ако има потреба, да се поттикне да продолжи со исказот. Прашањата што му се поставуваат не треба да се сугестивни или неразбирливи.

Во Холандија, е осмислена техниката на интервјуирање наречена „модел на сценарио" или АБЦ интервју, која се состои од три фази: во првата фаза, на детето му се поставува неутрално прашање и се остава спонтано да одговара и да се присетува; во втортата фаза, му се поставуваат индиректни прашања за разоткривање и, во третата, на сведокот му се откриваат некои информации по кои почнува испитувањето. Во првата фаза е дозволено користење на помошни средства, преку кои детето ќе се изрази, но, во последно време, за да се одбегне какво било сугерирање на сведокот, наместо вообичаени реалистични кукли и цртежи, се претпочитаат безоблични кукли со облека и без каков и да е израз на лицето. (Hjelmsater, Landstorm-Van den Eeden, 2013). Овие техники се користат затоа што детската комуникација е повеќе спонтана и моторичка, отколку вербална, па децата подобро ќе ги искажат своите стравови, желби, однесувањето на родителите и сеќавањата на насилниот настан преку цртеж и други видови на моторно изразување. Многу често, во ваквите илустрации се препознава автопортрет на детето.

Во Обединетото кралство, во најголема мерка, се користи Модифицирано когнитивно интервју кое се базира на системот на отворени прашања, при што на сведокот му се потенцира да не нагаѓа, туку отворено да каже за околностите на кои не може да се присети.

Вообичаеното когнитивно интервју се заснова на четири техники: прво, сведокот или жртвата се поттикнува да се присети на околностите и на деталите кои што претходеле на настанот и оние кои што се случиле во времето на критичниот настан; второ, се охрабрува да опфати што повеќе информации и детали при раскажувањето за околностите; трето, за настаните да раскажува по хронолошки редослед, од најстарите до

најновите, и по обратен редослед; и, четврто, настаните и околностите да ги интерпретира и од друга перспектива, не само од лична. Кај Модифицираното когнитивно интервју е отфрлена промената на редоследот и перспективата при раскажувањето за настанотот , а е додадено уште едно преиспитување на хронолошкиот редослед на околностите и случките околу насилниот настан. Се смета дека МКИ е прифатлив метод на сослушување на децата како жртви и сведоци поради пријателската атмосфера адаптирана на потребите на децата и поради слободниот концепт на поставување на прашањата, наспроти однапред круто утврден тек на испрашувањето.

Неопходно е стручните лица (социјален работник, психолог) да го подготват детето за претстојното судење и да му дадат психолошка поддршка, од причина што детето го доживува судењето како мачење и чувствува притисок што повторно мора да го прераскаже она што веќе го кажало. Целта на психолошката подготовка е да ги намали негативните последици од сведочењето врз детето, да го намали нивото на стрес, да им помогне на децата да ја разберат природата на процесот, да ја подобри способноста на детето да одговара на прашањата точно, потполно и вистинито. Подготовката се одвива низ неколку фази: запознавање на детето, негово информирање и подготвување за непредвидливи околности. Најдобро е детето да се подготвува преку играње улоги поради тоа што играта е доминантната активност на детето. Тоа треба да се воведе во празна судница и да му се објаснат улогите на сите учесници во постапката.

Дополнително олеснување за детето е да се дозволи на судењето да се изведат само претходно снимени докази (индиректно изведување на докази). Ова е особено корисно кога се работи за дете-жртва или сведок на семејно насилство и кога постои дополнителен притисок врз детето да го смени исказот. Доколку тоа не е можно, сведочењето на суд треба да се сведе на што помалку трауматично искуство за детето. На пример во Обединетото Кралство (Hjelmsater, Landstorm, Clark, 2013) судот може да дозволи

сведочење преу видео-линк од одделна просторија во судот или надвор од него (слична е практиката и во Норвешка -UNODC/UNICEF ,2009).

Доколку е неопходно присуството на детото во судницата, таа треба да е адаптирана за потребите на детето (атмосферата да е понеформална, на пример да се отстранат тогите и периките), но да се обезбедат и посебно одвоени чекални за да се избегне контактот со обвинетите. Во Обединетото Кралство, емоционална и советодавна помош на децата им даваат т.н. Судски лица за поддршка на сведоци, кои постојано го придружуваат детето на судот и го поврзуваат со другите институции кои пружаат помош на жртвите и сведоците. Други законодавства, пак, дозволуваат жртвата или сведокот да е придружуван од член на семејството. (УНИЦЕФ,2010).

Сите држави не се придржуваат целосно на овие меѓународни насоки за заштита на правата на децата-жртви и сведоци. На пример, во Турција е постигнат прогресивен чекор во оваа проблематика, но сè уште недостасуваат некои стандарди. На пример сеуште сослушувањето го спроведува обвинител кој не поминал специјална обука за постапување со деца, со тоа што на интервјуто присуствуваат и психолог или социјален работник, бранителот на обвинетиот и лицата кои го снимаат интервјуто. Доколку детето е трауматизирано од настанот за кој сведочи, дава исказ само еднаш и, во понатамошната постапка, не е потребно неговото присуство, но, доколку тоа присуствува, мора да биде придружувано од професионалец задолжен за неговото менталното здравје. На судењето, треба да се одбегнува контактот помеѓу детето и обвинетиот, но, во практиката, судиите ретко даваат наредба да се отстрани обвинетиот кога детето сведочи. (Hjelmsater, Landstorm- Tekin, 2013)

# 3. НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА-ЖРТВИ И СВЕДОЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

За разлика од државите во светот каде што феноменот на семејното насилство веќе подолг период добива третман на негативна општествена појава, во Република Македонија овој проблем се актуелизира во доцните 80-ти и 90-ти години на минатиот век.

Долго време, семејното насилство беше скриено зад превезот на погрешни семејни вредности и се сметаше како приватна работа во која заедницата нема право да интервенира, а гласноговорници на почетоците беа само невладините организации, кои се обидуваа да ја подигнат свеста на општеството преку информирање на јавноста за препознавање на проблемот, преку едукација и кампањи и пружање првична, базична заштита на жртвите. Паралелно со обезбедувањето непосредна помош на жртвите на семејно насилство со СОС линиите и засолништата, невладините организации имаа значајна улога во обликувањето на законската рамка на мерките за сузбивање на семејното насилство и постапување на институциите на полето на спречување и заштита од семејно насилство.

## 3.1. Развој на националното законодавство во заштитата на правата на децата-жртви и сведоци

За првпат, семејното насилство беше инкриминирано во Кривичниот законик во 2004 година не како одделно кривично дело туку како квалифицирана форма на веќе постоечките кривични дела (на пр. убиство, телесна повреда, тешка телесна повреда, присилба, противправно лишување од слобода, загрозување на сигурноста, посредување при вршење на проституција, обљуба со злоупотреба на положба и др), а семејно-правна

рамка доби во Законот за семејство истата 2004 година, преку воведување на посебна глава за нарушени односи во бракот на семејството и обврска на институциите за преземање на привремени мерки за заштита на жртвите на семејно насилство.

Република Македонија, во последните години, започна со имплементирање меѓународните стандарди во своето законодавство. Донесен е Законот за малолетничка правда, кој започна да се применува од 2009 година и кој претрпе неколку измени и дополнувања, за, конечно, во 2011 година да се пристапи кон усогласување на Законот со Конвенцијата за права на детето, Препораките на Комитетот на ОН и Законот за кривичната постапка (во кој исто така се предвидени процесни гаранции за детето-жртва и сведок) и вградување нови начела, меѓу кои и заштита на децата-жртви и сведоци. Исто така, и со донесувањето на Законот за заштита на сведоци, Законот за заштита на децата и Законот за бесплатна правна помош, е постигнат и напредок во вградувањето на процесни права на децата-жртви и сведоци. Новиот Закон за кривична постапка обезбеди посебен третман на т.н. ранливи, загрозени и особено чувствителни жртви, во кои спаѓаат и децата- жртви и сведоци, односно обезбеди право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката (по барање на родител или по наоѓање на судот), но предвидени се и ситуации во кои судот задолжително определува посебни мерки и тоа кога дете-жртва има потреба од посебна грижа и заштита и кога е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба.

Со донесувањето на Законот за правда за децата, е направен најголемиот исчекор во обезбедувањето на правна заштита на децата-жртви и сведоци. Концептот на правда за децата е далеку посеопфатен од терминот малолетничка правда од причина што тој не ги опфаќа само децата што се во судир со законот туку и децата кои, поради социјалната положба или некоја друга причина, се во ризик од вклучување во правниот

систем, како и децата-жртви и сведоци на кривични дела. Накратко, тој ги опфаќа сите деца кои дошле во било каков контакт со законот.

Со воведувањето на овој концепт во националното законодавство на РМ, се поставени темелите на заштитата на оваа најранлива категорија на учесници во постапката- децата-жртви и сведоци. Вградени се нови начела во согласност со меѓународните стандарди, уреден е начинот на постапување на надлежните органи, како и посебните права и мерки на процесна заштита. На пример, за разлика од поранешните законски решенија според кои судот ценеше дали ќе биде одобрено соочување меѓу дете-жртва и дете-сведок со сторителот на кривичното дело, Законот за правда на децата не дозволува соочување во ситуации кога детето е жртва или сведок на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба или на кривични дела против човечноста и меѓународното право ако кривичното дело, поради неговата природа, последица или друга околност, го прави детето особено чувствително, односно кога детето се наоѓа во тешка душевна состојба; судот ја исклучува јавноста од делот на постапката во кој се репродуцира записот од исказот на дете-жртва или се применуваат други посебни мерки на процесна заштита и др.

Што се однесува, конкретно, до заштитата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство, најголем дел од законските одредби што се однесуваат на оваа проблематика се опфатени во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство: од привремените мерки за заштита (кои повеќе не се предвидуваат во Законот за семејство туку во овој Закон, заедно со изрекувањето и извршувањето на истите од страна на судот), па се до мерките за заштита кои се во надлежност на Центарот за социјална работа, како и постапувањето на надлежните институции со жртвите на семејно насилство. Дел од мерките кои ги презема Центарот за социјална работа и кои се однесуваат на уредување на односите помеѓу родителите и децата, се предвидени во Законот за семејство, а дел од мерките за заштита Центарот ги презема во согласност со Законот за социјална заштита и Законот за бесплатна правна помош.

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство значи усогласување на нашето законодавство со законодавствата на другите европски држави, кои ги опфатија одредбите што се однесуваат на семејното насилство во еден правен акт, а тоа овозможува полесно разбирање и примена на нормите како од страна на институциите така и од страна на жртвите, кои сега многу полесно можат да се запознаат со своите права.

Она што е карактеристично за двата закона, Законот за правда за децата и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, е тоа што во нив постои поврзување на кривично-правниот и граѓанско-правниот систем, што е во согласност со меѓународните стандарди кои предвидуваат интеракција на двата система, а, со тоа, и целосна заштита на децата- жртви и сведоци на семејно насилство.

## 3.2. Носители на активностите за заштита на жртвите и сведоците на семејно насилство

Заштитата на правата на жртвите и сведоците на семејно насилство , меѓу кои и на децата-жртви и сведоци, опфаќа, пред сè примена на повеќе видови мерки за заштита, кои се предвидени во повеќе закони и тоа: Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за правда за децата, Законот за кривичната постапка, Законот за семејството, Законот за заштита на сведоци, Законот за социјална заштита и други. Спроведувањето на овие мерки е во надлежност на повеќе органи и институции: Министерството за внатрешни работи (најчесто, жртвата и сведокот тука го отстварува првиот контакт со системот), Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда, кои се најмногу вклучени во оваа проблематика, Министерството за здравство (медицински третман на жртвата и издавање на соодветна документација), Министерството за образование и наука (повеќе во насока на превенција со

специјални програми за подигање на свеста во разбирањето на опасноста од семејното насилство), единиците за локална самоуправа (центри и советувалишта за жртвите), институциите што вршат дејност во овие области, додека надлежниот суд изрекува привремени мерки за заштита.

Мултисекторската соработка на надлежните органи и институции се утврдува со Протокол за меѓусебна соработка, кој го донесува Владата на предлог на Министерството за труд и социјална работа.

Со цел да се координира активноста на сите овие органи и институции, Владата на РМ формира Национално координативно тело против семејно насилство и донесува Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејното насилство за период од пет години.

### 3.2.1. Други актери во обезбедување помош и поддршка на жртви на семејно насилство- Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство

Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство – Глас против насилството, е формирана во 2010 година и во неа членуваат 27 помали и поголеми граѓански организации, кои работат на национално ниво на превенција, заштита и спречување на насилството врз жените и семејното насилство.

Во рамките на Националната мрежа, функционираат повеќе сервиси за помош и поддршка на жртвите на семејно насилство меѓу кои се следниве:

- услуги за поддршка, застапување и едукација заради менување на индивидуалните и општествените ставови и однесувања кои генерираат насилство
- кризно советување и упатување преку СОС линиите за помош, кои се достапни на целата територија на Република Македонија 24 часа,

седум дена во неделата. На линиите работи обучен персонал, кој ги упатува жртвите кон понатамошни чекори и мерки во согласност со нивните потреби. Информациите што се споделуваат се доверливи, односно се внимава на зачувување на приватноста.

- едукација на жртвите (правна помош и емоционално зајакнување) со која жртвата добива психосоцијална помош заради нејзиното јакнење, правна помош во однос на правните процедури и изработка на документи и поддршка во изнаоѓање решение за нејзиниот проблем. Сесиите со жртвите на семејно насилство се одвиваат во одделна просторија , а ги води професионален тим, составен од психолог, социјален работник и правник кои имаат посетувано обука за постапување со жртви на семејно насилство.
- згрижување и обезбедување безбеден привремен престој во траење од 24-48 часа, со капацитет за сместување 5-7 жртви на семејно насилство.
- подигнување на свеста и превенција на сите облици на насилство врз жената и семејно насилство и заложба за родова рамноправност помеѓу жените и мажите во семејството и во општеството преку објавување на едукативни публикации и организирање кампањи
- мониторинг на состојбата со човековите права, соработување со други организации и државни органи во насока на промоција, заштита на човековите права и усогласување на националното законодавство со она на Европската унија

Во Националната мрежа членуваат повеќе граѓански организации кои обезбедуваат сервиси за помош и поддршка на жртвите од семејно насилство, меѓу кои се:

- Кризен центар "Надеж"
- Прв семеен центар во Скопје- Хера
- Хелсиншки комитет за човекови права во РМ

- Флоренс Најтингејл- Куманово
- Национален совет за родова рамноправност
- ОЖ Свети Николе
- Женски форум- Тетово
- Првата детска амбасада Меѓаши, и многу други

Токму поради нивната значајна улога во заштитата на жртвите од семејно насилство, потребно е унапредување на соработката на државата со организациите и здруженијата на граѓани коишто работат на оваа проблематика, односно нивно меѓусебно партнерство во вршењето сервиси во областа на заштитата од семејното насилство. Мулти-секторското партнерство подразбира заедничко имплементирање на програмите и политиките што се однесуваат на спречување и заштита од семејно насилство, но и обезбедување државни финансиски ресурси на здруженијата на граѓани кои работат на оваа проблематика.

### 3.3. Мерки за заштита од семејно насилство

Главниот механизам за заштита на жртвите на семејно насилство се мерките за заштита, кои се составен дел од законодавството на Република Македонија. Овој систем на мерки има за цел да обезбеди брза и непосредна помош и заштита на жртвата од идно насилство.

Мерките за заштита во никој случај не се супституција на казните предвидени за сторителите на семејно насилство во Кривичниот законик. За потполна заштита на жртвата потребно е тие да се применуваат како комплементарни и интерактивни законски решенија кои се дадени и во граѓанското и во казненото законодавство.

### 3.3.1. Мерки за заштита кои ги презема Центарот за социјална работа

Центарот за социјална работа ги презема следниве мерки за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство:

- Сместување во центар за лица-жртви на семејно насилство се врши кога постои закана за животот и здравјето на жртвата и може да трае најмногу три месеци со можност за продолжување за уште три месеци, а во исклучителни ситуации, за најмногу уште шест месеци.
- Во соработка со Агенцијата за вработување на РМ, Центарот за социјална работа презема мерки за економско јакнење на жртвата преку нејзино вклучување во активните мерки за вработување.
- Центарот за социјална работа се грижи жртвата да ги оствари правата од социјалната и здравствената заштита согласно Закпонот за социјална заштита како и правна помош од страна на стручните лица во ЦСР согласно Законот за бесплатна правна помош, но исто така обезбедува и психо-социјална интервенција, советување и третман.

Советувањето може да се дефинира како: релативно краткотраен, интерперсонален и на теорија заснован процес на помагање на клиенти што се, базично, психолошки здрави личности, да совладаат одредени развојни или ситуациски проблеми. Советувањето е помагање на луѓето да си помогнат самите себеси.(Egan, 1982)

Целта на советувањето е жртвата да се информира за природата на семејното насилство, за нејзините права во справувањето со насилството, но и да се помогне на жртвата да го разбере својот проблем и да го поврати чувството на безбедност и самопочитување. Во советувалиштето, жртвата треба да добие: поттик и поддршка, доволно време за сослушување,

советување и упатување. Советувањето може да се одвива преку две форми на работа : индивидуално и групно советување.

Психолошката помош во советувалиштето може да се состои од: итна интервенција за заштита од насилството, психолошка помош и поддршка и кризна (посттрауматска) интервенција. Меѓутоа, на давањето помош, секогаш му претходи проценка на актуелната состојба на жртвата на семејно насилство која вклучува: утврдување на степенот на актуелната загрозеност, проценка на факторите на ризик и заштитните фактори, присуство на психијатриски или други болести, ризични однесувања, трауматични искуства во минатото, нивото на стрес , утврдување на нивото на разбирање, припишување на одговорноста и слично.

Кога како жртва на семејно насилство се јавува дете или лице кое не е во состојба да се грижи за себе, Центарот за социјална работа презема мерки согласно Законот за семејство, со кои се уредуваат односите родител-дете, врши надзор над вршењето родителско право и старателство, може да го довери детето на едниот родител, може да ги ограничи или забрани личните контакти на детето со родителот со кого не живее заедно и кој е вршител на семејното насилство, но не повеќе од една година.

### 3.3.2 Мерки на заштита кои се однесуваат на вршењето на родителското право во случаи на злоупотреба на детето

Семејно насилство врз децата не значи само физичко насилство туку тоа може да се јави во повеќе форми на злоупотреба на детето, а доколку тоа е извршено од страна на родителот кој го врши родителското право врз детето, Центарот за социјална работа и судот преземаат потребни мерки согласно Законот за семејство.

Под злоупотреба на дете се подразбира: насилство врз детето- како физичко така и емоционално, полово искористување на детето, наведување

на детето на општествено неприфатливи поведенија, питачење, употреба на алкохол или дрога, присилување на детето на работа, напуштање на детето, друго грубо кршење на правата на детето.

Секој орган, правно лице или граѓанин има обврска да го извести Центарот за социјална работа кога има сознание за злоупотреба, запоставување на дете или кога, од друга причина, е потребна заштита на личноста или правата на детето. Центарот ќе преземе мерки во насока на постојан надзор над вршењето на родителското право или донесување решение за времено одземање на детето од едниот родител и доверување на чување и воспитување на другиот родител, друго лице или установа (вакво решение може да донесе и доколку партнерските односи меѓу родителите се нарушени во толкава мерка што штетно се одразуваат врз развојот на детето). Доколку родителот не ги почитува решенијата на Центарот за социјална работа, тој може да му го ограничи правото да одржува непосреден контакт со детето.

Во случаите кога постои основано сомневање за злоупотреба, Центарот може да бара од родителите да го известуваат за начинот на управување со имотот на детето. Центарот, исто така, може да бара од судот да изрече мерки за обезбедување врз имотот на родителите или да реши родителите, во поглед на управувањето со имотот на детето, да имаат положба на старател.

При злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности, по претходно прибавено мислење од Центарот за социјална работа, судот, со решение во вонпарнична постапка, му го одзема на родителот вршењето на родителското право. Постапката за одземање на родителското право може да ја поведе другиот родител, Центарот за социјална работа (ако на каков било начин дошол до сознание за злоупотреба) или јавниот обвинител.

Центарот за социјална работа ќе донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право и ќе спроведе советодавна работа со

родителите и децата. Доколку родителот не постапи според насоките на Центарот и продолжи со злоупотребата или занемарувањето на родителските должности, Центарот за социјална работа е должен веднаш времено да го одземе детето од родителот и да покрене постапка за одземање на родителското право пред надлежен суд, да преземе мерки за соодветно згрижување и заштита на правата и интересите на детето до донесување на конечната одлука на судот.

Доколку се работи за грубо занемарување и злоупотреба со која е доведен во опасност животот на детето, Центарот веднаш, без одлагање, времено го одзема детето и покренува постапка за одземање на родителското право пред надлежен суд и ги презема мерките за згрижување и заштита на правата на детето до донесување на правосилна одлука на судот за одземање на родителското право. Истовремено, должност на Центарот е и да поведе постапка против родителот за сторено кривично дело.

Родителското право може да му биде вратено на родителот со одлука на судот доколку престане причината поради која му е одземено тоа право. Предлог за враќање на родителското право може да поднесе родителот или Центарот за социјална работа.

### 3.3.3. Привремени мерки за заштита

Кога постои сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата, сведокот или член на нивното семејство, заради запирање на понатамошното насилство и отстранување на последиците, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство предвидува преземање на следниве мерки кон сторителот:

- отстранување од домот без оглед на сопственоста и забрана за приближување до домот, училиштето, работното место или друго

место кое го посетуваат членовите на семејството, на растојание помало од 100 метри

- забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство
- забрана да контактира, телефонира, малтретира или вознемирува член на семејството
- забрана да поседува огнено или друго оружје или одземање на истото
- да се задолжи да врати предмети потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството
- законско издржување на семејството и надоместување на медицински или други трошоци настанати со насилството
- посетување советувалиште или задолжително лекување доколку злоупотребува алкохол, дрога или друга психотропна супстанција или има психичко заболување

Во постапките за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство одлучува судија поединец согласно одредбите на Законот за парнична постапка по предлог на: Министерството за внатрешни работи и тоа веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од приемот на предлогот, без рочиште; по предлог на жртвата, нејзиниот родител или старател или Центарот за социјална работа, најдоцна во рок од седум дена од приемот на барањето, без одржување на рочиште или со рочиште во отсуство на сторителот на семејното насилство доколку постои сериозна опасност за животот и здравјето на жртвата или нејзиното семејство.

Привремените мерки се изрекуваат за период од три месеца до една година со тоа што тие можат да се менуваат, продолжуваат или укинуваат по предлог на жртвата или на Центарот за социјална работа.

Одлуката за изречената привремена мерка за заштита-отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, судот, во рок од 6 часа од донесувањето на одлуката, ја доставува истата до надлежната полициска станица според местото на извршување, која, во рок од 12 часа, ја

доставува до сторителот. Доколку тој доброволно не го напушти домот, полицијата е должна да го отстрани во рок од 2 часа , сметано од моментот кога му е врачена одлуката.

Против оваа одлука е дозволена жалба во рок од три дена од приемот на одлуката, но изјавената жалба не го одлага нејзиното извршување.

Доколку дојде до непочитување на мерката за заштита, Министерството за внатрешни работи ќе достави предлог до јавниот обвинител за определување мерки на претпазливост, согласно Законот за кривичната постапка. Центарот за социјална работа е должен да поднесе кривична пријава против сторителот кој не ги почитува привремените мерки за заштита, особено кога е сторено насилство врз дете или во присуство на дете.

### 3.3.4. Посебни мерки на процесна заштита на деца-жртви и сведоци

При давањето исказ на детето-жртва или сведок, заради неговата заштита и безбедност, судот може да ги определи следниве мерки предвидени со Законот за правда за децата:

- екрани за заштита на детето од погледот на обвинетиот
- прикривање на идентитетот или изгледот
- давање исказ преку видеоконференција
- отстранување на тоги и капи
- исклучување на јавноста
- видео и аудио запис на исказот или распитот кој ќе се користи како доказ
- земање исказ со посредство на стручно лице
- употреба на посебни технички средства за комуникација

- заштита на приватноста на детето и неговото семејство

Судот нема да дозволи соочување на детето и осомничениот, односно обвинетиот доколку детето е жртва или сведок на насилство и кривични дела кои детето го прават особено чувствително, односно се наоѓа во тешка душевна состојба.

### 3.3.5. Мерки за заштита што ги презема Одделението за заштита на сведоци

Овој систем на мерки и активности кои, согласно Законот за заштита на сведоци, ги презема специјалното Одделение за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи за заштита на животот, здравјето, имотот и физичкиот интегритет на заштитените лица се нарекува Програма за заштита. Сведок или жртва која се јавува во својство на сведок, како и нивното семејство, се вклучува во Програмата со одлука на Советот за заштита на сведоци, кој претставува тело формирано специјално за донесување одлуки од оваа проблематика. За вклучување во Програмата, заштитеното лице мора да има склучено спогодба со Одделението за заштита на сведоци. Тој акт ги содржи правата и обврските на сведокот и Одделението како условите за давање и престанок на заштитата. Законот за заштита на сведоци ги предвидува следниве мерки:

- Мерката за заштита „Чување на тајноста на идентитетот“ опфаќа изработка и употреба на лични исправи во кои, привремено, се променети личните податоци на заштитеното лице како и за сопственоста на одреден имот на заштитеното лице, што не значи вистинско менување на податоците во евиденциите на органите.

  Заштитеното лице може да ги користи исправите за склучување одредени договори и други правни работи со трети лица

само со претходна согласност на Одделението за заштита на сведоци при МВР.

- Мерката „Обезбедување лична заштита“ се состои од оперативна, физичка и техничка заштита на заштитеното лице, со цел да се спречи загрозување на неговиот живот, здравје, слобода, физички интегритет или имот од поголем обем.
- Мерката за заштита „Промена на живеалиштето, односно престојувалиштето“ на заштитеното лице се остварува преку привремена или трајна промена на неговото живеалиште, односно престојувалиште.
- Мерката „Промена на идентитетот“ се состои од делумна или целосна измена на личните податоци на заштитеното лице. Добивањето нов идентитет нема влијание врз статусните и други права и обврски на заштитеното лице. Заштитеното лице не може да го врати својот изворен идентитет доколку промената на идентитетот значително влијаела на статусот на трето лице (склучување брак, татковство, мајчинство и слично).

Оригиналните исправи за идентитетот на заштитеното лице се чуваат во Одделението. Во спроведувањето на мерката може да бидат преземени и активности за промена на физичките карактеристики на заштитеното лице.

## 3.4. Постапување со деца-жртви и сведоци на семејно насилство

Родителите имаат одговорност да го заштитат детето, да му пружат емоционална, економска и здравствена заштита, образование, социјализација. Државата има должност да им помага на родителите и да ги поддржува, но, кога детето е ранливо, во ризик или злоупотребено, државата, тогаш, интервенира во семејството заради обезбедување заштита на детето.

Надлежните органи и институции, при спроведување на процедурите за постапување со деца-жртви и сведоци, постапуваат во согласност со националното и меѓународното законодавство и меѓународните стандарди, со што се обезбедува стандардност и унифицираност на постапките за заштита на правата на децата-жртви и сведоци кои се насочени кон препознавање на тоа дека децата се ранливи и им е потребна посебна заштита.

При постапувањето, институциите и органите се раководат од следниве принципи : најдобар интерес за детето, заштита, безбедност, поддршка, недискриминација, сочувствителен третман, информираност, право на изразување мислење, приватност, итност, право на посебни заштитни мерки, право на надомест на штета. Овие начела и принципи се применуваат од моментот на приемот на пријавата или сознанието за извршено насилство, па сѐ до архивирањето на предметот во кој е вклучено дете како жртва или сведок.

### 3.4.1. Постапување на Центрите за социјална работа

Стручните работници во Центрите за социјална работа при давањето услуги постапуваат во согласност со националното и меѓународното законодавство и се раководат по следниве принципи: почитување на човечкото достоинство и основните човекови права, недискриминација, индивидуален пристап кон корисникот на услугата, обезбедување сигурност за корисникот, активно учество на корисниците и нивно оспособување за донесување самостојни одлуки, партнерство со другите учесници во обесбедувањето услуги, професионализам, транспарентност, почитување на правата на детето на живот, развој, семејство, учество во постапката.

Стручните лица треба да поседуваат комуникациски вештини, емпатија кон лицата соочени со тешкотија, да ги познаваат позитивните прописи и детската психологија. При постапувањето, тие треба да ги

почитуваат стандардните процедури за постапување на Центрите за социјална работа кои се вградени во Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021.

Пријавувањето, односно упатувањето до ЦСР може да биде по службена должност, од страна на МВР, училиште или друга институција, но и од страна на детето, член на семејството, граѓанин или друго правно лице. Сите примени известувања за дете-жртва се заведуваат во посебен Регистар за примени известувања за деца и малолетници во ризик, хронолошки, односно се пополнува иницијален лист. Наедно, се изготвува писмено известување до МВР кога за злоупотребата прв дознава ЦСР и покана до адвокат.

Во фазата на т.н. првична проценка или скрининг на лицето во ризик која ја врши стручниот работник, се утврдува нивото на ранливост и потребата за помош, односно дали се исполнети критериумите за прием во ЦСР и дали е потребно да се применат процедури за брзо упатување на деца изложени на моментална опасност. Доколку се утврди дека би било посоодветно да постапува друга институција наместо ЦСР, упатувањето ќе се пренасочи до соодветната институција.

Раководителот на Одделението, односно директорот, го распределува предметот на стручен работник, кој формира досие и закажува средба со стручниот тим (составен од социјален работник, педагог, психолог, правник) на која се запознаваат со предметот и утврдуваат рокови во зависност од степенот на ризикот, односно загрозеноста на животот и безбедноста, а тие за ситуациите со висок ризик и сериозна животна опасност се веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа. Ситуација со висок ризик постои кога е пријавено физичко или сексуално злоупотребување на дете, дете-жртва или сведок на семејно насилство или друго кривично дело, дете на улица или напуштено дете, дете во притвор или дете на суд.

Фазата на т.н. детална проценка се спроведува со цел да се добијат информации за ризикот, ранливоста на детето, потребната форма на

заштита. Во проценката е вклучен стручниот тим, но исто така и детето, семејството, поширокото семејство, вработени во други релевантни институции. Проценката се прави преку увид во документацијата, домот на детето и други институции, средби со детето и со семејството. Се анализира фазата на развој на детето, неговите физички и интелектуални способности, социјалните односи во семејството и надвор од него, здравјето, образованието и успехот во училиштето, односот со врсниците и со наставниците, слободното време, посебните потреби на детето, факторите на стресот во семејството насочени кон детето. Во однос на семејството- дали сторителот прифаќа одговорност дека неговата постапка е несоодветна, какви се ставовите на семејството, дали се способни да обезбедат безбедна средина, финансиската состојба, станбените услови, меѓусебните односи, вработувањето, здравјето или зависноста од алкохол, дрога. Врз основа на деталната проценка, стручниот тим изготвува наод и мислење.

Наредна фаза е изготвување План за индивидуална работа со корисникот од страна на одговорен стручен работник, кој раководи со предметот заедно со стручниот тим, детето, родителот, соработници од други институции. Планот произлегува од комплексната проценка и претставува збир од услуги и активности и планирани ресурси за спроведување на активностите, кои се соодветен одговор на идентификуваната ранливост и ризик. Заради мониторинг на имплементацијата на планот, се определува координатор кој ја следи состојбата со реализирањето на активностите од планот и остварува контакти со детето. Евалуацијата на планот се врши еднаш неделно во првите шест месеци, а потоа еднаш на шест месеци. Доколку при евалуацијата се појават нови околности, се дополнува или се менува планот.

Планот се ревидира од страна на независно, односно раководно лице, а целта на ревизијата е да се провери ефикасноста на планот, односно дали тој треба да се измени, или, пак да се затвори. Доколку нема потреба од заштита на детето, односно не постои ризик, нема ниту потреба од услугите

на ЦСР. Ревизијата се врши на состанок кој го закажува стручниот работник, а присуствуваат стручниот тим, раководното лице и детето со родител. За одржаниот состанок се изготвува писмен извештај и записник за донесените одлуки.

Доколку при ревизијата се утврди дека се постигнати позитивни ефекти кај детето, се донесува заклучок за успешност на третманот и затворање на предметот.

### 3.4.2. Постапување на полицијата

Секој граѓанин е должен да пријави семејно насилство во полициска станица или во Центарот за социјална работа, но оваа обврска особено се однесува на одговорните и на раководните лица во органите и институциите вклучени во оваа проблематика. Полицискиот службеник е должен да обезбеди што повеќе податоци за случајот, да направи проценка на ризикот, на неговата сериозност и да го евидентира во службените евиденции. Доколку пријавувачот е дете, службеникот, веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа, го известува Центарот за социјална работа, инспекторот по семејно насилство и јавниот обвинител, кои веднаш ќе преземат мерки за расчистување на случајот, заштита и згрижување на детето, како и обезбедување на потребната медицинска помош. Претставник од ЦСР мора да биде присутен пред да се направи каков и да е распит на детето, а полицијата е должна да се координира со него и кога првпат ќе излезе на местото на настанот. Бројот на полициски службеници кои одат на местото на настанот зависи од степенот на загрозеноста на лицата што се вклучени во расчистувањето на настанот, но и од профилот на насилникот, но најмалку двајца службеници од кои еден мора да е специјално обучен за работа со деца. Во состав на полициската екипа пожелно е да има полициски службеник од женски пол, од причина што искуствата

покажуваат дека тие остваруваат подобра комуникација со децата-жртви на семејно насилство.

Приоритет на полицијата е да ја заштити жртвата или сведокот, а потоа да ги прибави потребните докази за предметот. Полицискиот службеник има право да го одземе оружјето од сторителот , да покрене постапка за одземање на дозволата за оружје, да поднесе предлог за изрекување на некоја од привремените мерки за заштита.

Во случај на загрозување на безбедноста на жртвата на семејно насилство или нејзиното семејство, во Центарот за социјална работа се формира мултисекторски стручен тим, составен од стручни лица од Центарот, од полицијата и од здравстена установа, кој изготвува проценка на ризикот и безбедносен план за помош.

Постапките во кои деца се јавуваат како жртви се итни, строго доверливи и многу се внимава на тоа да не се предизвикаат уште поголеми последици од оние што им се нанесени со насилството. Последиците од несоодветен однос можат да бидат уништувачки не само кон психичкиот и кон физичкиот интегритет на детето туку и кон прибирањето информации за делото.

Заштитата на жртвите и на сведоците започнува од моментот кога тие ќе бидат идентификувани како такви, па сè до завршувањето на судската постапка. Сослушувањето на детето во полициска станица треба да го спроведува обучен професионалец, во одделна просторија, адаптирана за тоа да се чувствува комфорно, а изјавата се снима за да се одбегнат повеќекратни разговори.

Полицијата постапува со посебна грижа кон детето-жртва, се грижи за неговите интереси и му дава поуки за неговите права како правото на правна помош или полномошник при давањето исказ.

При сослушување на детето-жртва, треба да се имаат предвид неколку моменти:

Детето може да избегнува некои детали во изказот со цел да го заштити оној што го повредил, поради лојалност кон семејството или поради притисок и страв. Тоа е исплашено и има тенденција настанот да го опишува во детали, па испитувачот може да добие впечаток дека детето не ја кажува вистината. Испитувачот треба да остане заинтересиран и мирен и да избегнува да изразува емоции од типот: шок, лутина, жал, поради тоа што може да предизвика агресија или срам кај детето па тоа да одбие да зборува за настанот. Тој треба да е доверлив, пријателски, поддржувачки, да користи јазик разбирлив за детето, да одбегнува сугестивни прашања, да го остави детето слободно да раскаже сѐ во врска со настанот. Детето треба да се увери дека е безбедно, дека му се верува, дека насилството не се случило по негова вина, дека тоа не е единственото што поминува низ вакво искуство, без да се намали значењето на настанот, но и дека постои закон кој не дозволува возрасните да го повредуваат.

Поради ова, од есенцијално значење за интервјуто е неговото подготвување. Вообичаено е да се разговара со родителот заради стекнување на поцелосна слика за психичкиот развој на детето, неговите реакции во случај на насилство, но и да се следи неговата невербална комуникација. Понекогаш, кога потешко се воспоставува контакт со детето, тоа може да се интервјуира заедно со родителот, како би се пренела довербата од родителот кон испитувачот. Родителот се опоменува да не се вмешува во интервјуто туку само да присуствува заради поддршка на детето.

### 3.4.3 Постапување на Јавното обвинителство

Јавното обвинителство е самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела. Надлежностите на Јавното обвинителство се определени со Законот за Јавно обвинителство и Законот за кривична постапка.

Пријавата за сторено кривично дело се поднесува непосредно до Јавното обвинителство или, доколку е поднесена до полицијата, веднаш се доставува до надлежен јавен обвинител. По кривичните пријави со кои се пријавува насилство, злоупотреба или занемарување на дете, јавните обвинители можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат познавање и искуство од областа на правата на детето и кривично-правна заштита на дете. Јавниот обвинител, адвокатот, судијата и службените лица од МВР кои се вклучени во постапката пред Јавното обвинителство следат специјализирана обука за правда за деца од најмалку пет дена во текот на годината, во земјата или во странство. Овие пријави се земаат во работа приоритетно почитувајќи го начелото на итност на постапката.

Надлежностите на Јавното обвинителство по примена пријава за извршено кривично дело врз дете се следниве: проценка на ризикот, состојбата и потребите на детето, координирање на сите учесници во процесот заради преземање мерки во насока на заштита, насочување на активностите на органите надлежни за откривање и пријавување на сторителите на кривични дела, предлага или издава наредба за преземање посебни истражни мерки, спроведува истрага, пронаоѓа,предлага и обезбедува докази, поднесува и застапува обвиненија пред суд, раководи со предистражната постапка каде што на располагање ја има и правосудната полиција, но и самиот може да презема дејствија за откривање и гонење на сторителот на кривичното дело. Тој спроведува активности како извиди, прибирање известувања, повикување лица со цел да донесе одлука по пријавата.

Јавниот обвинител исто така постапува со посебна грижа спрема децата-жртви и сведоци во текот на истрагата, се грижи за нивните интереси при преземањето на дејствија и ги запознава со нивните права: право на адвокат, право на надомест на штета и отстварување на имотно – правно побарување, право на учество во постапката како оштетен, психолошка и друга стручна помош.

Дете-жртва или сведок се сослушува од страна на јавниот обвинител со примена на посебните мерки на процесна заштита. Доколку детето било испитано од полицијата и постои видео-тонски запис од сослушувањето, тој ќе се користи како доказ во натамошната постапка и ќе се ограничи повторното испитување. Доколку има таква потреба, прашањата на детето му се поставуваат само преку јавниот обвинител, а доколку тој оцени дека е потребно, и со посредство на психолог, социјален работник или друго стручно лице. Исто така, може да определи испитување во посебна просторија со употреба на технички средства без присуство на странки. Не е дозволено соочување меѓу детето и сторителот.

Јавниот обвинител може да закаже координативен состанок поради договарање за начинот на кој ќе бидат вклучени државните органи во постапката. На состанокот се одредува начинот на соработка, заедничкото дејствување во спроведувањето на постапката, размената на информации и други клучни прашања околу заедничкото постапување на органите инволвирани во постапката.

### 3.4.4. Постапување на судот по кривични предмети во кои се вклучени деца-жртви и сведоци на кривични дела сторени при вршење на семејно насилство

Во текот на судската постапка, обвинителството ја докажува вината на обвинетиот, одбраната ги оспорува тезите на обвинителството, додека судот има контролна и раководна улога. Тој одлучува за тоа кои докази ќе ги прифати, одлучува за вината на обвинетиот и за негово санкционирање како и за отштетното побарување на детето-жртва.

Во постапувањето по кривичните предмети, особено за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство, судот е должен да побара извештај од Центарот за социјална работа за односите, структурата и

материјалната состојба на семејството, за личноста на жртвата и на сторителот, за причините за насилничкото однесување на сторителот- сега обвинетиот. Пожелно е, уште во претходната постапка да се изготви невропсихијатриско вештачење за сторителот и за детето-жртва.

И судот е должен да се придржува на стандардите за постапување со деца-жртви и сведоци и да се грижи за заштита на правата на децата кои веќе беа напоменати. Пред сѐ, треба да се погрижи за обезбедување соодветна судница со ИТ опрема, како и одделна чекална, одвоена од сторителот, адаптирана според потребите на детето. Судницата треба да биде помалку формална, со намален број лица што присуствуваат на судењето, облечени во секојдневна облека. Сослушување на дете под четиринаесет- годишна возраст се врши во природен амбиент, секогаш кога постои таква можност.

При спроведувањето на кривичните постапки, судот се придржува на основните начела за водење на постапката, како на пример: начело на законитост, пропорционалност, објективност, акузаторност, официјалност, слободна оценка на доказите, јавност, непосредно изведување на доказите, но, кога во постапката се вклучени деца-жртви и сведоци, постојат неколку исклучоци од овие начела.

Начелото на непосредно изведување на доказите значи дека сведоците, по правило, се испитуваат лично на главната расправа и исказите дадени во истражната постапка може да се користат само при вкрстено испитување, побивање наводи или одговор на побивање, додека заштитен сведок се испитува под псевдоним или технички уред за пренос на слика и тон. Само по исклучок, може да се изведуваат искази дадени пред јавниот обвинител кога сведокот бил изложен на закана, насилство или има индиции дека лажно сведочи. Истото се однесува и на употребата на однапред снимен исказ на детето-жртва или сведок на насилство, односно видео-тонски запис на исказот, без, притоа, детето да мора да се појави на суд. Само исклучително, кога настапиле нови околности, судот може да

нареди детето да се сослуша само уште еднаш, преку користење на ИТ средства за комуникација, без присуство на странките кои имаат право да поставуваат прашања, но со посредство на судот, психолог, социјален работник или друго стручно лице. Судот може да определи посебни мерки на процесна заштита на дете-сведок или жртва.

Како отстапување од начелото на јавност, судот може да ја исклучи јавноста од расправата или од дел од постапката во кој се репродуцира запис од исказот, ако тоа е неопходно за заштита на приватниот живот или безбедноста на детето-жртва или сведок.

Наспроти вообичаеното акузаторно (еднострано) испитување на жртвите и сведоците, децата се испитуваат во форма на слободен разговор, а доколку судот дозволи вкрстено испитување, го контролира начинот на поставување на прашањата. Тој е должен да спречи поставување на прашања кои имаат цел да го заплашат, да го збунат или да го наведат детето на определен одговор како и прашања поставени на начин што детето не може да го разбере. На детето треба му се поставуваат отворени прашања кои оставаат простор детето да раскажува за настанот со свои зборови.

Соочување на детето-жртва или сведок со обвинетиот не е дозволено.

### 3.4.5. Постапка за обесштетување

Обесштетувањето е финансиски надоместок за жртвата - за причинетата материјална или нематеријална штета, односно за претрпената болка што им е нанесена со насилството, но и начин да почувствуваат дека, сепак, оствариле некое ниво на правда.

Заради исплата на надоместоците, од буџетот на Министерството за правда се издвојуваат средства кои се планираат со специјална годишна програма.

Барање за обесштетување, покрај детето, може да поднесат и неговите родители ако со правосилна судска одлука е утврдено дека тоа е жртва на насилство и кога не постои можност имотно-правното побарување да се наплати од имотот на сторителот, а од правосилноста на одлуката изминале повеќе од шест месеци. Судот, за обесштетувањето одлучува со решение, а доколку го одбие барањето, детето-жртва има право на жалба до Апелациониот суд во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одбивање. Одлуката на Апелациониот суд е конечна.

Конечното решение се доставува до Министерството за правда кое ја врши исплатата. Министерството за правда го исвестува судот најдоцна еден месец од извршената исплата.

### 3.4.6. Постапување на судот во граѓанско-судските постапки за заштита на деца-жртви и сведоци на семејно насилство

Мерките за заштита на децата од семејно насилство се пропишани во најголем дел, со Законот за семејство и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, додека за процесните прашања што не се опфатени во овие два закона, се применуваат одредбите на Законот за парничната постапка. Парницата за заштита на правата на детето, односно за заштита од семејно насилство, може да се води како атхезиона постапка со постапката за брачни спорови или со некоја друга граѓанска судска постапка.

Судот има обврска да ги приспособи правилата на постапката кон посебните потреби на детето, да ги запознае со нивните права, да обезбеди

служба за поддршка, да ја заштити приватноста и идентитетот на детето. Карактеристиките на оваа постапка се поразлични во однос на оние од другите граѓански постапки:

- Во оваа постапка е исклучена јавноста, а податоците од судските списи се тајни
- Постапката се карактеризира со официјалност и ограничена диспозиција на странките. Вообичаено, граѓанската постапка се заснова на начелото на диспозиција на странките кое го обврзува судот да постапува во границите на тужбеното барање. Наспроти тоа, во овие спорови, судот е овластен и без барање на странката да одреди мерка на заштита доколку, со примена на истражното начело, утврди дека врз детето е извршено насилство.

При донесување на одлука за изрекување на некоја од мерките, судот ги утврдува следниве факти: тежината на дејствието на извршување, последиците врз детето, психолошкиот статус на членовите на семејството, економските услови во кои живее детето, како и мислењето на детето.

Детето, во постапката, може да има статус на странка, статус на сведок и лице за чии права се одлучува, а нема статус на странка кога се одлучува за нивните права заедно со правата на полнолетните членови на семејството.

Кога детето има статус на странка, судот треба да утврди дали детето е способно да формира свое мислење, поради што прибавува мислење од Центарот за социјална работа и психологот во училиштето (доколку детето е на школска возраст). Оценката на судот се побива само со жалба против пресудата. Детето може да биде и лишено од правото да изрази мислење, доколку тоа е во спротивност со неговиот најдобар интерес.

Детето, како странка, има право во постапката да биде застапувано од родител или старател, но, доколку постои колизија на нивните интереси, судот назначува привремен застапник по барање на детето (ако има над 10

години и е способно за расудување) или по службена должност, за што го известува Центарот за социјална работа.

Детето, како сведок, спаѓа во категоријата на особено ранливи сведоци и, од таа причина, му е потребна психолошка подготовка за постапката со цел да се спречи секундарна виктимизација и институционално злоставување на детето. Исто така, детето треба да се ослободи од чувството на вина, што често се јавува поради приврзаноста за семејството што го злоставува. Најдобро е детето да се сослушува со помош на психолог, педагог, социјален работник или друго стручно лице, со примена на посебни мерки на процесна заштита на деца-жртви и сведоци.

### 3.4.7. Семејното насилство и концептот на ресторативна правда

Ресторативната правда, како концепт, се заснова на ставот дека, кога се врши кривично дело, се оштетува поединецот и заедницата, но тоа не претставува акт против државата. Жртвата има клучна улога во санкционирањето на сторителот и таа добива компензација за штетата што и е причинета со кривичното дело во вид на финансиски надомест, но, и преку изразување каење и признавање на извршеното дело од страна на насилникот. На сторителот на кривичното дело му се изрекуваат алтернативни санкции како посетување програми за едукација и вршење општокорисна работа. Откако ќе се утврди претрпената штета, жртвата и сторителот се поттикнуваат да дојдат до заеднички решенија за најсоодветна санкција за сторителот.

Основни начела на ресторативната правда се: мирно решавање на проблемите, реституција на претрпената неправда, предност на жртвата пред државата во одлучувањето за санкцијата, заздравување на жртвата и заедницата преку надомест на штета, реинтеграција на сторителот во општеството, алтернативни санкции за сторителот ослободени од

репресивност и ретрибутивност. Се разбира, основен предуслов за примена на овој концепт е да постои согласност од жртвата за учество во овој процес, односно таа да се чувствува безбедно и покрај преживеаното насилство, но и сторителот да ја признае одговорноста за извршеното дело и да се соочи со последиците на насилството.

Прашање е дали овој концепт е воопшто применлив кај случаите на семејно насилство. По долгата традиција на прикривање на семејното насилство како приватна работа која не треба да го засега општеството, тоа, конечно, излезе од сенка со неговото инкриминирање, но и со воспоставувањето на граѓанско-правниот систем на заштита на жртвите. Постои опасност овие придобивки да се изгубат со враќањето на семејното насилство на ниво на приватна работа која ги засега само инволвираните страни.

Исто така, жртвите честопати се неинформирани за начините на заштита од семејното насилство и постои склоност кон прикривање на насилството кое го преживуваат, додека сторителите, поради различните стереотипи пренесени со традиционалното воспитување, ретко се спремни да изразат покајување и да преземат одговорност за насилничкиот акт.

За примена на концептот на ресторативната правда е клучно да постои информираност и согласност на жртвата да го изнесе преживеаното искуство, а сторителот да е свесен за тежината на стореното дело. Токму ова е уште една причина што ја доведува во прашање применливоста на ресторативната правда кај случаите на семејно насилство.

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.1. Општествена и научна оправданост

Во овој магистерски труд се презентирани сознанија добиени со преглед на научна и стручна литература, меѓународни документи, насоки, упатства и прирачници, компаративни системи и добри практики на земји со долгогодишна традиција во примената на специјализиран третман на децата- жртви и сведоци. Во магистерскиот труд е направена анализа на домашната релевантна законска регулатива, како и идентификација на имплементациските разлики и слабости во практичната имплементација на законските решенија. Во фокусот се ставени постапувањата од надлежните институции во постапките за заштитата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство од страна на Центарот за социјална работа, полицијата, Јавното обвинителство и судот.

Податоците добиени преку спроведеното истражување овозможуваат увид во постапувањето со децата, примената на законските решенија и постојните институционални можности и капацитети за примена на законските решенија. Особено внимание е посветено на анализа на сознанијата добиени на терен од професионалците кои работат со деца-жртви и сведоци и нивните искуства во сите фази на постапката, како и примена на стандардите за работа со деца во нивни најдобар интерес, особено во фазата на сослушување на децата.

Сознанијата презентирани во трудот може да се искористат од страна на креаторите на политиките за идентификување на недостатоците и проблемите во практичната примена на законите што ја регулираат оваа проблематика и понатамошното унапредување на законската регулатива.

## 1.2. Формулирање на проблемот на истражување

Националната релевантна законска регулатива, особено Законот за правда за децата и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, ги дава основите на процесната заштита на децата-жртви и сведоци и постапувањето на надлежните органи.

Меѓутоа неопходно е да се направи и целосен увид во практичната примена на законите и другите национални и меѓународни акти и насоки, односно да се проучат следниве аспекти од постапувањето на надлежните органи и професионалците со децата-жртви и сведоци: постапување по пријава за извршено семејно насилство, дали е известен Центарот за социјална работа, дали на детето му е обезбедено правото да зборува на мајчин јазик, односно на јазик кој го разбира, дали со детето постапуваат и го сослушуваат лица кои се специјално обучени за тоа, дали се применува начелото на итност и приватност на постапката, дали детето и неговиот родител се информирани и поучени за неговите права, дали е поднесен предлог до судот за привремена мерка за заштита од семејно насилство или се преземени мерки за посебна процесна заштита на сведокот и жртвата (доколку има потреба) и мерки за заштита од семејно насилство, дали детето-сведок или жртва е одвоено од сторителот на семејното насилство, дали Центарот за социјална работа направил проценка на состојбата на детето, дали сослушувањата се сведени на минимум (1-2 во текот на целата постапка), дали разговорот е воден во посебна просторија адаптирана за оваа намена, дали институциите се координирани во постапувањето и друго.

## 1.3. Предмет на истражување

Основен предмет на истражувањето се ефектите од имплементацијата на новите законски решенија за заштита на правата на децатажртви и сведоци на семејно насилство во правните постапки пред управните и судските органи. Фокусот на истражувањето е, пред сѐ, на постапувањето на надлежните институции и службени лица во заштитата на децата- жртви и сведоци на семејно насилство.

## 1.4. Цели на истражување

Основната цел на истражувањето е утврдување на нивото на имплементација на новиот модел на заштита на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство во правните постапки.

Поединечните цели на истражувањето се во насока на добивањето сознанија за тоа:

- како се инкорпорирани меѓународните стандарди од областа на заштитата на правата на децата- жртви и сведоци на семејно насилство во нашето законодавство;
- кои добри практики постојат во другите земји во врска со оваа проблематика;
- која е улогата и активностите на институциите вклучени во постапувањето со децата-жртви и сведоци на семејно насилство, особено на Центарот за социјална работа, полицијата, Јавното обвинителство и судот;
- колку се почитувани процесните гаранции во постапувањето на надлежните институции со децата-жртви и сведоци на семејно насилство.

## 1.5. Хипотези на истражувањето

Основна хипотеза на истражувањето:

Во Република Македонија сè уште не се создадени доволно правни и институционални предуслови за целосна заштита на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство во правните постапки пред надлежните управни и судски постапки.

Посебни хипотези на истражувањето:

- Заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство зависи од имплементацијата на меѓународните документи и стандарди во законодавството на РМ.
- Заштитата на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство зависи од материјалните и човечките капацитети на институциите и органите за примена на правната регулатива во практиката.
- Примената на начелата на информираност, итност и тајност во постапката (процесна дискреција) имаат пресудна улога во процесната заштита на децата-жртви и сведоци на семејно насилство.
- Координацијата и соработката на надлежните институции иза постапување со децата-жртви и сведоци на семејно насилство придонесува за обезбедувањето поефикасна заштита на децата-жртви и сведоци.
- Одбегнувањето непотребен контакт на детето со правниот систем е основен услов за процесна заштита на детето-жртва и сведок.

- Правилното постапување со детето-жртва или сведок бара посебни услови за тоа-специјални простории и обучени професионалци.
- Примената на мерките за посебна процесна заштита на сведокот и жртвата е условена од опременоста на институциите за спроведување на ваквите мерки.

## 1.6. Метод на истражување

Потребните податоци за постигнувањето на целите на магистерскиот труд се добиени преку спроведувањето квалитативна анализа на релевантен пишан и електронски материјал, односно со квалитативен пристап, како и со квантитативен пристап во истражувањето.

Предмет на анализа на содржината се законски правни акти, релевантна литература, извештаи на меѓународни и домашни организации и институции.

Квантитативниот пристап вклучи користење барања за информации до надлежните институции за бројот, родовата и возрасната структура на сторителите и на жртвите на семејно насилство, роднинските врски меѓу нив, видот на кривичните дела сторени при вршењето на семејното насилство и начинот на нивното извршување, бројот на иницирани постапки за изрекување привремени мерки за заштита од семејното насилство како и на преземени мерки за заштита на жртвите и интервенциите од страна на институциите.

Дел од податоците за истражувањето се собрани на индиректен начин- од извори кои располагаат со потребните информации. Во недостаток на официјални извештаи и податоци изготвени од државата за практичната примена на новиот систем на заштита на децата од семејно насилство, направена е анализа на извештаите на Народниот

правобранител и Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство. Од вака собраните податоци како и од сознанијата добиени како резултат од истражувањето, се изведени заклучоци кои имаат апликативна вредност и кои, на крајот, се сублимирани во препораки за унапредување на системот на заштита од семејното насилство.

## 2. РЕЗУЛАТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1. Анализа на податоци за обем, вид и начин на извршување на кривични дела сторени при вршење на семејно насилство

Сознанијата за обемот, видот и начинот на извршување на кривични дела сторени при вршење на семејно насилство се добиени врз основа на анализа на статистички податоци евидентирани во Министерството за внатрешни работи кои се однесуваат на проблематиката на семејното насилство. Анализирани се податоци за периодот 2014-2016 година, и тоа:

- податоци за кривичните дела сторени при вршење на семејно насилство
- податоци за сторителите на кривичните дела во однос на полот и роднинските врски со жртвата на насилството
- податоци за жртвите на семејно насилство во однос на пол и роднинска врска со сторителот на кривичното дело.

Табела бр. 1: Број и вид на кривични дела извршени при семејно насилство во 2014 година

| Кривични дела | Изврш. кд | Под дејство | | | Начин на извршување | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | акохол | дрога | Растрој-ство | Огнено оружје | Ладно оружје | Физичка закана | останато |
| Убиство –чл.123 ст.2 | 4 | | | 2 | 1 | 3 | | |
| Убиство –чл.123 ст.2 Вв чл.19 | 5 | | 1 | 3 | 2 | 3 | | |
| Телесна повреда-130 ст.2 | 569 | 140 | 5 | 254 | | 22 | 492 | 55 |
| Тешка телесна повреда-131 ст2 | 20 | 8 | | 8 | | 2 | 14 | 4 |
| Присилба-139 ст.2 | 12 | 1 | | 10 | | | 12 | |
| Загрозување на сигурноста-144 ст.2 | 284 | 91 | 3 | 98 | 5 | 25 | 155 | 99 |
| Противправно лишување од слоб. | 7 | | | 6 | | | 4 | 3 |
| вкупно | 901 | 240 | 9 | 381 | 8 | 55 | 677 | 161 |

Од Табелата 1 се забележува дека од вкупно 901 извршени кривични дела при вршење семејно насилство во 2014 година, најголемо учество има кривичното дело телесна повреда- чл.130 ст.2 од КЗ и тоа 63% од вкупно извршените дела , потоа следи Загрозување на сигурноста-чл.144 ст.2, Тешка телесна повреда-131 ст.2. Останатиот дел отпаѓа на кривичните дела: присилба, противправно лишување од слобода, убиство и посредување во вршење проституција. Кривичните дела најчесто се вршат со употреба на физичка сила или закана и тоа во 75% од извршените кривични дела, поретко со ладно

или огнено оружје, а сторителите најчесто биле во состојба на растројство или под дејство на алкохол, а многу ретко под дејство на дрога.

Табела бр. 2: Број и вид на кривични дела извршени при семејно насилство во 2015 година

| Кривични дела | Изврш. кд | Под дејство | | | Начин на извршување | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | акохол | дрога | Растрој-ство | Огнено оружје | Ладно оружје | Физичка закана | останато |
| Убиство –чл.123 ст.2 | 2 | | | 2 | 1 | 1 | | |
| Убиство –чл.123 ст.2 Вв чл.19 | 4 | 1 | | 1 | 1 | 1 | | 2 |
| Телесна повреда-130 ст.2 | 630 | 133 | 9 | 286 | 2 | 19 | 556 | 53 |
| Тешка телесна повреда-131 ст2 | 24 | 4 | 1 | 12 | | 2 | 20 | 2 |
| Присилба-139 ст.2 | 7 | | 1 | 6 | | | 7 | |
| Загрозување на сигурноста-144 ст.2 | 338 | 103 | 5 | 128 | 1 | 22 | 232 | 83 |
| Противправно лишување од слоб. | 2 | | | 2 | | 1 | 1 | |
| Посредување во врш. приституција | 1 | | | 1 | | | 1 | |
| Вкупно | 1.008 | 241 | 16 | 438 | 5 | 46 | 817 | 140 |

Видливо од табелите, за трите години кои се предмет на анализа, најмногу кривични дела при вршење на семејно насилство се сторени

во 2015 година (1.008 КД). И во оваа година, најчесто се вршело кривичното дело Телесна повреда- чл.130 ст.2 од КЗ  и тоа во 63% од случаите, а кривичните дела најчесто се вршат со употреба на физичка сила или закана и тоа во 81% од вкупниот број дела.

Табела бр. 3: Број и вид на кривични дела извршени при семејно насилство во 2016 година

| Кривични дела | Изврш. КД | Под дејство | | | Начин на извршување | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | акохол | дрога | Растројство | Огнено оружје | Ладно оружје | Физичка закана | останато |
| Убиство –чл.123 ст.2 | 1 | | | | | | | 1 |
| Убиство –чл.123 ст.2 Вв чл.19 | 6 | | | 5 | 1 | 3 | 1 | 1 |
| Телесна повреда-130 ст.2 | 513 | 94 | | 332 | | 31 | 454 | 28 |
| Тешка телесна повреда-131 ст2 | 19 | 3 | | 8 | | 3 | 15 | 1 |
| Присилба-139 ст.2 | 3 | | | 1 | | | 3 | |
| Загрозување на сигурноста-144 ст.2 | 298 | 64 | 1 | 202 | 1 | 27 | 228 | 42 |
| Противправно лишување од слоб. | 5 | | | 5 | | | 5 | |
| Посредување во врш. приситуција | 1 | | | 1 | | | | 1 |
| Вкупно | 846 | 161 | 1 | 554 | 2 | 64 | 706 | 74 |

Во 2016 година се забележува намалување на обемот на кривични дела. Од вкупно 846 кривични дела, повторно најзачестено е кривичното дело Телесна повреда- чл.130 ст.2 од КЗ со 61% , потоа повторно следат Загрозување на сигурноста-чл.144 ст.2, Тешка телесна повреда-131 ст.2, присилба, противправно лишување од слобода, убиство и посредување во вршење проституција. Кривичните дела најчесто се извршени со употреба на физичка сила или закана во дури 83% од вкупниот број кривични дела во состојба на растројство или под дејство на алкохол.

Табела 4.- Број на сторители на семејно насилство според пол и роднинска врска со жртвата за периодот 2014 - 2016 година

| Роднински врски | 2014 | | 2015 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Сопруг/сопруга | 440 | 29 | 468 | 29 | 357 | 19 |
| Деца | 161 | 8 | 199 | 17 | 162 | 18 |
| Родители | 43 | 15 | 60 | 14 | 57 | 12 |
| Поранешен сопруг/сопруга | 47 | 5 | 45 | 13 | 43 | 1 |
| Лица во вонбрачна заедница | 60 | 3 | 75 | 3 | 58 | 4 |
| Вкупно | 751 | 60 | 847 | 76 | 677 | 54 |
| Останато | 100 | | 105 | | 158 | |

Од Табелата 4 може да се констатира дека сторители на кривични дела сторени при вршење на семејно насилство за сите три години што се обработени доминантно се мажи (во 91% од случаите) и сопрузи на жртвата, а во значително помал број случаи се работи за син на жртвата, татко, вонбрачен или поранешен брачен другар.

Од податоците од табелата може да се заклучи и дека најчесто семејното насилство се врши врз сопругата( 38%, 46% и 47% од случаите), многу поретко врз родители, деца, поранешна сопруга, вонбрачна другарка. Оваа состојба се повторува во целиот период од 2014- 2016 година.

Табела 5- Број на жртви на семејно насилство за периодот 2014-2016 година според пол и вид на кривично дело

| Кривични дела | 2014 | | 2015 | | 2016 г | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Убиство –чл.123 ст.2 | 4 | 1 | 2 | | | 1 |
| Убиство –чл.123 ст.2 Вв чл.19 | 5 | | | 4 | 3 | 3 |
| Телесна повреда-130 ст.2 | 105 | 480 | 143 | 528 | 135 | 432 |
| Тешка телесна повреда-131 ст2 | 5 | 15 | 6 | 18 | 8 | 14 |
| Присилба-139 ст.2 | 2 | 11 | | 7 | | 3 |
| Загрозување на сигурноста-144 ст.2 | 57 | 233 | 83 | 300 | 78 | 241 |
| Противправно лишување од слоб. | 1 | 6 | | 2 | | 5 |
| Посредување во *врш. приституција* | | | | 1 | | 1 |
| Вкупно | 179 | 746 | 234 | 860 | 224 | 700 |

Од податоците обработени во Табелата 5 може да се заклучи дека најчести жртви на кривичните дела сторени при вршење на семејно насилство се жени ( во 80% од случаите за 2014 година, 75% за 2015 година и 78% за 2016 година) и тоа на кривичните дела:

телесна повреда, загрозување на сигурноста, а многу поретко на тешка телесна повреда или други кривични дела.

## 2.2. Анализа на состојбата во заштитата на правата на децата-жртви на семејно насилство

Анализата на состојбата во заштитата на правата на децата-жртви на семејно насилство во постапките пред Центрите за социјална работа и други управни и судски органи се врши врз основа на податоци добиени од Заводот за социјални дејности кои се однесуваат на 2015 и 2016 година. Проценката за тоа како функционира системот за заштита на правата на децата-жртви на семејно насилство се направи врз основа на неколку индикатори:

### Индикатор број 1.- Жртви на семејно насилство

Графикон 1. Број на жртви според полот во 2015 и 2016 година



Графикон 2.- Број на жртви според возраст за 2015 и 2016 година




Индикаторот број 1- жртви на семејно насилство, го мери бројот на регистрираните жртви од страна на органите и институциите до кои се поднесени пријавите за извршено семејно насилство, но исто така дава слика за полот и возраста на жртвите за 12- месечен период за двете години што се обработени.

Во 2015 година се регистрирани нови 1.129 жртви на семејно насилство. Од нив, 251 се мажи, што значи дека дури 78% од вкупниот број жртви се припаднички на женскиот пол. Во 2016 година од вкупно 1.098 нови случаи, 850 се жени, односно 77% од вкупниот број жртви.

Во однос на возраста, во 2015 година се регистрирани 142 деца-жртви на семејно насилство, од кои 74 се момчиња и 68 девојчиња, додека во 2016 година, регистрирани се 141 деца-жртви, од кои 70 се момчиња и 71 девојче.

**Индикатор број 2. – Старосна структура на деца-жртви на семејно насилство**







Со овој индикатор, процентуално се утврдува старосната структура на децата-жртви. Во 2015 година од вкупниот број деца-жртви, 78% се под 15-годишна возраст, додека во 2016 година, 74% се деца припадници на оваа старосна група.

Ова е показател дека врз помалите деца многу почесто се врши семејно насилство, и како резултат на тоа мерките и политиките на државата треба да се насочат кон нивна заштита.

## Индикатор бр.3.- Поднесени пријави за извршено семејно насилство

Графикон 5: Број на поднесени пријави во 2015 и 2016 година




Индикаторот број 3 покажува дека пријави за извршено семејно насилство во најголем број се поднесуваат до Центрите за социјална работа и тоа: во 2015 година во 60% од случаите , а во 2016 година - 50% од вкупниот број пријави. Малку помал број на пријави се поднесени до МВР и тоа во 2015 година-37% од пријавите, во 2016 година-46%, додека значително помал број пријави се поднесуваат во здравствените институции, јавното обвинителство, судовите и други институции.

## Индикатор број 4.- Тип на семејно насилство

Графикон 6: Број на пријавени случаи според тип на семејно насилство во 2015 година




Графикон 7: Број на пријавени случаи според тип на семејно насилство во 2016 година




Овој индикатор покажува каков тип на семејно насилство се врши врз определени возрасни групи на жртви. Тенденциите покажуваат висока застапеност на психичкото насилство. Имено, во 2015 година најзастапен вид на насилство е психичкото со 61%, па потоа физичкото со 37% и тоа најмногу врз полнолетни лица. Слична е ситуацијата и со 2016 година, кадешто на психичкото насилство

отпаѓаат 61%, а на физичкото 32% од целокупното пријавено насилство.

Ова се должи, пред се, на зголемената информираност и препознавање на семејното насилство и пред тоа да прерасне во неговата најпрепознатлива форма- физичкото насилство.

## Индикатор број 5.- Интервенции за помош и заштита на жртвите

Графикон 8: Вид на интервенции за заштита и помош на жртвите во 2015 и 2016 година




*Овој индикатор се однесува на* видот на интервенции за заштита и помош на жртвите на семејно насилство. Анализата наподатоците покажува слични тенденции во 2015 и 2016 година. Имено, во 100% од случаите е пружена психо-социјална помош, додека правна помош во 49% во 2015 година, а во 67% во 2016 година од пријавените случаи. Примената на оваа интервенција се зголемила за 18% за една година, меѓутоа таа сè уште не се применува во доволна мера за да се овозможи заштита на правата на жртвите на семејно насилство.

Поразителен е фактот што, во 2016 година, бројот на известувања до АВРМ за вклучување во активни мерки за вработување е опаднат од 31% од вкупниот број интервенции, колку што изнесуваше во 2015 година на само 15%. Тоа во голема мера ги намалува шансите за интеграција на жртвите во општеството ако се има во предвид дека една од главните причини што жртвите не се осмелуваат да пријават семејно насилство е економската зависност од сторителите на насилството.

Во 2015 година во Центарот за згрижување на жртви на семејно насилство се сместени 43 лица, а во 2016 година само 30 лица. Центрите за згрижување на жртвите се соочуваат со одредени слабости во нивното функционирање, нивниот капацитет е ограничен, како од аспект на пристапност и достапност на правото, така и од аспект на квалитет на грижата и заштитата која ја добиваат жртвите во овие центри.

## Индикатор број 6.- Привремени мерки за заштита

Графикон 9: Број и вид на изречени мерки за 2015 и 2016 година



Графикон 10: Број на предложени и изречени мерки за 2015 и 2016 година




Индикаторот бр. 6 го мери бројот на предложени и изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство за 2015 и 2016 година.

Забележлив е порастот од цели 40% на предложените, а 44% на изречените мерки за период од една година, односно видливо е дека постои похрабар пристап кон примената на привремените мерки. Во двете години што се предмет на набљудување, најчесто изрекуваната мерка е забрана за сторителот да се заканува дека ќе стори семејно насилство и забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со член на семејството, па потоа следи забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или друго место кое редовно го посетува член на семејството, задолжително лекување. Останатите мерки многу ретко се применети.

Загрижува податокот за ретката примена на мерката- отстранување на сторителот од домот без оглед на сопственоста, а жртвите, како што е видливо од преходниот индикатор, почесто се сместуваат во Центри за згрижување. Потребно е да се зголеми

нејзината примена, особено поради децата чијашто најприродна средина е нивниот дом.

## Индикатор број 7. - Поднесени кривични пријави заради непочитување на судска одлука за изречена привремена мерка

Графикон 11: Број на поднесени кривични пријави од страна на ЦСР против сторителот на семејно насилство во 2015 и 2016 година




Индикаторот број 7 го мери бројот на поднесени кривични пријави од страна на ЦСР против сторителот на семејно насилство поради непочитување на судска одлука за изречена привремена мерка за заштита. Забележително е речиси деветкратното зголемување на бројот на пријавите во 2016 година, што би значело дека ЦСР има посериозен пристап кон непридржувањето на судските одлуки од страна на сторителот на семејното насилство.

Табела 6.- Податоци за жртви на семејно насилство сместени во регионални центри за згрижување за 2015 и 2016 година

| Центар за семејно насилство | Жртви 2015 г. | Жртви 2016 г. |
|---|---|---|
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје | | |
| Жени | 17 | 4 |
| Маж | | 1 |
| Деца (женски пол) | 8 | 13 |
| Деца (машки пол) | 3 | 2 |
| Вкупно | 28 | 20 |
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Битола | | |
| Жени | 3 | 2 |
| Мажи | 1 | |
| Деца (женски пол) | 5 | 2 |
| Деца (машки пол) | 2 | 1 |
| Вкупно | 11 | 5 |
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Свети Николе | | |
| Жени | 2 | 2 |
| Деца (женски пол) | | |
| Деца (машки пол) | | 2 |
| Вкупно | 2 | 4 |
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Кочани | | |
| Жени | 1 | 1 |
| Деца (женски пол) | 1 | |
| Деца (машки пол) | | |
| Вкупно | 2 | 1 |
| Вкупно | 43 | 30 |

Од Табелата број 6 е видливо дека Центрите за згрижување на жртви на семејно насилство имаат многу мали просторни капацитети и не само што ги има само четири на целата територија на државата, туку имаат вкупен капацитет од само 30 кревети, што е околу 3% од вкупната бројка жртви која годишно изнесува околу 1.000 нови пријавени случаи на семејно насилство.

. Сепак, и постојните капацитети на центрите не се искористени во целост, поради одредени слабости во процесите на управување, организационата структура и начинот на функционирање. Јавните шелтри кои се организирани како единици на Центрите за социјална работа се соочуваат со недостаток на финансиски средства за ефикасно функционирање, како и недостаток на вработен стручен кадар кој ќе им пружа соодветна психо-социјална поддршка на жртвите кои се сместени во нив. Особено, недостига специјализиран кадар кој ќе работи со деца кои биле жртви или сведоци на семејно насилство. Подршката која се нуди на жртвата воглавном се сведува на згрижување во со закон предвидениот рок и целосно отсуствува третман на жртвите, како и процес на следење и поддршка во другите системи (здравство, образование, вработување) за справување со проблемот и зајакнување на капацитети на жртвите и нивните деца за самостоен живо и работа.

## 2.3. Анализа на податоците од Народниот правобранител

Народниот правобранител или Омбудсман е независен орган за заштита на правата на граѓаните која се состои од давање предлози, совети, соработка и дејствување во насока на остварување на правата на граѓаните.

Омбудсманот како и неговите заменици, ги избира и разрешува Собранието на РМ за време од осум години со право на уште еден мандат.

Народниот правобранител на РМ, помеѓу останатите одделенија и организациски единици, има и посебно одделение за заштита на правата на децата, кое ја следи заштитата на правата на децата во неколку области: образованието, здравството, семејството, но исто така ги следи и состојбите на остварувањето на правата на децата припадници на маргинализираните и ранливите групи и на заштитата на децата од семејно и друг вид насилство.

Годишните извештаи на Народниот правобранител овозможуваат анализа на одредени состојби во државата и укажуваат на слабостите на системот во заштитата на правата на децата, но тие даваат и препораки за нивно надминување и поефикасно остварување на правата на децата, како и нивна заштита.

Во извештаите за 2014, 2015 и 2016 година главно е констатирана слична состојба:

- Центрите за социјална работа се недоволно ефикасни во следењето на вршењето на родителското право, а одржувањето на личните односи со родителот, со кого не живее, зависи од волјата на родителот со кого живее.
- Педагошко-психолошките служби во училиштето не преземаат доволно мерки за заштита на децата од физичко и психичко насилство.
- Децата сместени во установите често се во бегство
- Се зголемува бројот на корисниците на дроги меѓу децата, а се намалува старосната граница.
- Нецелосно се остварени правата на децата во семејството, училиштето, установите за згрижување.

Во однос на семејното насилство, најопширен е извештајот за 2015 година.

Претставки за заштита на децата од семејно насилство поднесувале, главно, родителите при престанок на бракот или кога децата се доверени на чување кај едниот од родителите.

Најчесто, насилство пријавувале самите жртви- мајките на децата, а сторители на насилството биле сегашни или поранешни брачни или вонбрачни другари, а само еден случај е пријавен од страна на таткото и тоа сторител е партнер на поранешната сопруга.

Народниот правобранител се обраќал до надлежните центри за социјална работа, полицијата и здравствените установи заради испитување на околностите од пријавите и заради преземање мерки за заштита на жртвите: сместување во центри, здравствена заштита, психо-социјална интервенција и третман, но и мерки спрема сторителите- предлози за привремени мерки за заштита до надлежниот суд. Во ниту еден случај во кој постапил Народниот правобранител не е побарана ни изречена привремена мерка- отстранување на сторителот од домот или забрана за приближување до домот, туку жртвата го напуштала домот и се сместувала во Центар за жртви, што значи дека системот за привремени мерки за заштита не е целосно ефикасен.

Народниот правобранител констатира дека, иако Владата на РМ, со Решение од 28.04.2015 година, предвидува конституирање на Национално координативно тело против семејно насилство, тоа не профункционира, освен што е донесен Деловник за работа.

Заради поефикасно остварување на правата на децата, Народниот правобранител ги дава следниве препораки:

- Центрите за социјална работа треба да го сослушаат мислењето на детето кога донесуваат одлуки и да преземаат мерки во согласност со најдобриот интерес на детето
- да се зајакне системот на заштита на жртвите на семејно насилство, да се направат услови за спроведување на мерките

за заштита од семејно насилство како и привремената мерка-отстранување на насилникот од домот

- во установите за згрижување на деца да се обезбеди стручна поддршка и заштита на децата во ризик
- да се преземат мерки за заштита на децата од психичко и физичко насилство
- во учебниците да се вклучат содржини кои ќе се однесуваат на заштитата на правата на децата
- да се зголеми информираноста на жртвите за постапката за заштита од семејно насилство со цел да се охрабрат целосно да ги довршуваат постапките, најмногу поради тоа што децата, кои се директно или индиректно жртви на семејно насилство, поради возраста се плашат самите да се обратат за помош и заштита

## 2.4. Анализа на податоците од извештајот од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство- Глас против насилството

Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство – Глас против насилството е формирана во 2010 г. и во неа членуваат 27 граѓански организации кои обезбедуваат сервиси за жртви на семејно насилство и работат на превенција, заштита и спречување на насилство врз жените и семејно насилство.

Извештајот од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство е подготвен од страна на Националната мрежа со спроведување на интервјуа со жртви на семејно насилство во врска со нивните искуства со системот на заштита,

фокус групи со здруженија на граѓани што обезбедуваат сервиси на жртви на семејно насилство и по пат на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до релевантни институции.

Во извештајот од спроведениот мониторинг е наведено дека Националната мрежа дошла до следниве генерални заклучоци:

- Државата издвојува премалку средства за превенција, помош и заштита од семејно насилство. Имено, буџетот на Министерството за труд и социјална политика во областа на семејното насилство во 2015 година изнесувал 2.188.372,00 денари, а во 2016 година – 2.683.963,00 денари.

- Во однос на Центрите за социјална работа, иако Законот предвидува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од добиеното сознание, Центарот да ги преземе потребните мерки за заштита на жртвата, генерален заклучок е дека вработените немаат капацитети за нивно спроведување. Според интервјуираните жртви, вработените биле нељубезни кон нив и не давале доволно информации за механизмите за заштита, за постапувањето на полицијата и постапките пред правосудните органи за заштита од семејно насилство.

Бројот на вработените во Центрите за социјална работа од 2014 до 2015 година се зголемил за 41, од кои само двајца социјални работници, а бројот на правници се намалил за тројца вработени. Центрите немаат човечки капацитети за ефикасно вршење на работи од нивна надлежност.

- Воведувањето на мултисекторски тимови во случаи кога постои сознание за загрозување на живот и здравје на жртвата или членна семејството е еден од позитивните аспекти на Законот. Мултисекторскиот тим е надлежен за изработување на безбедносен план за помош на жртвата и е составен од стручни лица од Центрите за социјална работа, полицијата , здравството, а во неговата работа

учествуваат и претставници од здруженија кои работат со справување со семејното насилство.

Од причина што не постои официјален извештај од страна на државата за досегашното функционирање на Законот, не постојат ни официјални информации за тоа колку мултисекторски тимови биле формирани, ниту пак кои се резултатите од нивната работа, но ниту интервјуираните жртви, ниту здруженијата на граѓани во фокус-групите, немаат посочено пример за формирање на ваков мултисекторски тим во некој од пријавените случаи на семејно насилство во Центарот за социјална работа.

- Центарот за социјална работа заедно со Агенцијата за вработување на РМ треба да презема мерки за економско јакнење на жртвата преку активно вклучување на пазарот на трудот, но здруженијата на граѓани и жртвите не посочуваат позитивни примери на жени-жртви кои биле вработени преку Агенцијата за вработување

- Што се однесува до постапувањето на полицијата, должноста да излезе на лице место во случај на пријавено семејно насилство, генерално се почитува, но Законот предвидува други должности кои несекогаш се извршуваат: пропишано е да се изготвува полициски извештај веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа, полицијата треба да се погрижи и за тоа жртвата да добие здравствена заштита, да поведе постапка за одземање на оружјето, да поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита-отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, откако соодветно ќе го процени ризикот за животот и телесниот интегритет на жртвата.

Констатирано е дека вакви предлози ретко се поднесуваат (во само 86 случаи), а истото се однесува и на кривичните пријави и посебните извештаи поднесени до јавното обвинителство.

Генералниот впечаток што го имаат жртвите и здруженијата на граѓани е дека полицијата е прилично пасивна: полициските службеници разговараат со жртвите и насилниците, прават записник, но не даваат информации за правата и можноста за заштита на жртвата. Во најголем број случаи, насилникот добива усна опомена и настанот се заведува како поплака или насилникот е прекршочно казнуван за нарушување на јавниот ред и мир.

- Во Законот се предвидени кратки рокови за постапување на судовите по предлозите за привремени мерки за заштита. Судот во рок од 24 часа, без одржување на рочиште, одлучува по предлог на полицијата за изрекување на привремена мерка- отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и кога постои сериозна опасност по животот и здравјето на жртвата или член на семејството според стручен наод и мислење на ЦСР. Судот веднаш, а најдоцна во рок од 7 дена, одлучува по предлог за привремена мерка на жртвата или ЦСР.

Според анализата на податоци , во 87% од вкупно 367 постапки предлозите се прифатени, во 3% одбиени, во 2% отфрлени, а во 8% повлечени и тоа најчесто поради одолговлекување на постапката, соочување или страв од сторителот или пак поради несензибилен однос на органите и институциите. Од овие 238 позитивни одлуки поголем е процентнот на судии кои постапуваат надвор од роковите, отколку оние што одлучуваат во законските рокови. Постапките траат и по 30 дена, во 7% од случаите постапките траеле до три месеци, во 5% -шест месеци, а во една постапка една година.

Поради тоа, констатирано е дека начелото на итност на постапката во голем број случаи не се почитува. Одолговлекувањето на постапката негативно влијае на заштитата на жртвата и не само што доведува до губење верба во правниот систем , туку доведува и до многу потешки последици врз животот на жртвата и фатален исход.

- Остварувањето на правото на бесплатна правна помош е отежнато поради непочитувањето на законските рокови за донесување на решение по поднесено барање за бесплатна правна помош, па постапките траат од 30 до 60 дена, а жртвите мораат да приложат потврда дека се пријавени како жртви на семејно насилство и во МВР и ЦСР, што ограничува дел од жртвите што сеуште не се спремни да го пријават сторителот.

- Здравствените установи наплаќаат трошоци за здравствени услуги иако постои законска одредба за ослободување од плаќање трошоци за медицинска услуга и документација за жртвите на семејно насилство.

- Правото на придружник генерално се почитува во сите институции.

- Не е донесена Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство по стратегијата за периодот 2012-2015 година.

- Националното координативно тело против семејно насилство не функционира, па поради тоа не ни изработен извештај за примена на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

- Вкупниот капацитет на шесте засолништа за жртви на семејно насилство е 30 кревети, што не задоволува ниту минимум стандарди и потреби за заштита.

- Сеуште нема унифициран систем за собирање податоци за следење на инциденти и трендови на семјно насилство од страна на институциите и судот, иако во Законот е предвидено воспоставување на посебна евиденција за семејно насилство.

## 2.5. Истражувања на невладините организации во областа на семејното насилство

Првите емпириски истражувања на појавата на семејното насилство се спроведени од страна на невладините организации, поточно од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ-ЕСЕ во 2000-та година. Со истражувањето се утврдило дека освен тоа што отсуствуваат официјални податоци и емпириски сознанија од оваа област, постои и непрепознавање на појавата и недоволна правна покриеност. Во 2007 година ЕСЕ спроведува обемно виктимолошко истражување, а следуваат неколку истражувања за трошоците поврзани со семејното насилство.

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања Скопје, со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, во 2009 година спроведува анализа на состојбата со сексуалната злоупотреба на деца, додека во 2011 година со поддршка на Светската здравствена организација институтот спроведува истражување во врска со злоупотребата и занемарувањето на постарите лица.

Меѓутоа, истражувањето на ЕСЕ од 2007 г. кое е издадено како студија под наслов „ Живот во сенка“ дава фрапантна информација за темната бројка на семејното насилство, длабоко навлегува во феноменологијата и етиологијата на оваа појава и ни нуди една обемна виктимолошка анализа. Истражувањето е спроведено на примерок од 1432 полнолетни женски лица, на целата територија на Република Македонија, а резултатите од истражувањето откриваат зачудувачки факти- секоја втора жена била жртва на некаква форма на психичко семејно насилство (најчесто со контролирање на движењето и остварувањето на контакти), а секоја четврта жена претрпела физички напад во семејството. Повеќе од половина од жените изјавиле дека децата биле присутни на насилството, а секоја петта жена- дека насилството било директно насочено кон детето.

Дури и кога децата не се директни сведоци на насилството, семејната атмосфера и квалитетот на односите ги претвара овие деца во жртви. Предмет на интерес на ова истражување е и виктимизацијата во примарното семејство на жртвата, но и на сторителот на насилството, односно дали постои поврзаност помеѓу виктимизацијата во детството и вршењето или трпењето на насилство во подоцнежните години. Резултатите покажале дека детето што живее во семејство со насилни односи, многу веројатно и самото ќе стане жртва на истиот тип на насилство, од причина што развило повисок степен на толеранција спрема насилството на кое е изложено, или пак, доколку го прифати тој модел на однесување од своето примарно семејство, ќе стане насилник. Токму од причина што идните насилници и жртви се регрутираат од редовите на деца што потекнуваат од дисфункционални семејства со насилнички односи, потребна е работа на надлежните токму со овие деца.

Според истражувањето, секоја петта жена-жртва го пријавила насилство во полиција, а над половина се определиле за пасивност и непреземање дејствија за ослободување од насилството. Насилната врска најчесто се прекинува кога ќе дојде до кулминација на насилство до точка на неиздржливост или кога ќе настане непосредна опасност по безбедноста на децата, но дури и тогаш речиси половината од жените се враќаат во семејството во првите 15 дена поради страв или поради немање доволно финансиски средства за самостоен живот.

Дел од препораките кои ги даваат авторките на студијата се: едукација на граѓаните за напуштање на патријархален систем на вредности кој може да доведе до родова нерамноправност, промоција на работата на невладините организации, работа со децата што живеат во семејства со насилни односи, зголемување на довербата на граѓаните во полицијата и др.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Од сознанијата добиени преку анализа на правни акти, релевантна литература, извештаи на меѓународни и домашни организации и институции, како и од сознанијата добиени како резултат од истражувањето, се изведени неколку заклучоци кои имаат апликативна вредност и кои, понатаму се сублимирани во препораки за унапредување на системот на заштита од семејно насилство.

Процесна заштита на детето може да се овозможи само доколку постои специјализираност на постапките во кои се вклучени деца-жртви или сведоци со посебно обучени професионалци- т.е. лица кои, во склоп на нивната работа (професија), се одговорни за постапување со децата-жртви и сведоци на кривични дела и справување со нивните потреби во правниот систем (социјални работници, полицајци, јавни обвинители, судии, адвокати, психолози, психијатри, и други службени лица кои во постапуваат со оваа категорија деца) во итна постапка која се одвива на јазик кој детето го разбира, во околина која помалку трауматична за него и која ќе осигура приватност. На детето–сведок треба да му се овозможи слободно да ги изрази своите гледишта и мислења и без дискриминација од било каков вид, да се даде верба и тежина на неговиот исказ, се разбира, во согласност со неговата возраст, зрелост и интелектуален капацитет, што ќе се цени индивидуално, за секое дете посебно. Многу е важно да се одбегне непотребниот контакт на детето со правниот систем и инволвирањето на детето во процесот со помош на посебни мерки за процесна заштита, а сè со цел да се одбегне секундарна виктимизација.

Целосна заштита на правата на децата ќе се постигне со имлементација на меѓународните документи и стандарди во националното законодавство, со унапредување на човечките и материјални капацитети на институциите, со координација и соработка на надлежните за постапување со деца-жртви и сведоци на семејно насилство.

Иако е постигнат чекор напред со донесувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и Законот за правда на децата, националната правна регулатива сеуште има свои недостатоци кои негативно се одразуваат во практичната имплементација на законските одредби.

Иако потпишана од Република Македонија уште во 2011 г, дури неодамна ( на 22-ри декември 2017 година) е ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството над жените и семејното насилство која е донесена на 11 мај 2011 година во Истанбул и која претставува најдалекусежен меѓународен документ кој се занимава со овој вид проблематика. Тоа наведува на заклучок дека државата долг период не била спремна да воведе промени во системот на заштита, односно сосема да ги имплементира стандардите за заштита на децата-жртви и сведоци, најмногу од причина што нема доволно ресурси, како материјални, така и човечки.

Исто така, не е донесена друга Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство по Националната стратегијата за периодот 2012-2015 година, која всушност претставува клучен стратешки документ во областа на семејното насилство, особено во делот на превенција од истото.

Анализата на состојбите во оваа област покажува дека, заштитата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство во република Македонија е повеќе од декларативна природа. Иако законските решенија воглавно се усогласени со меѓународните стандарди само делумно се применуваат во практика.

Загрижувачки е фактот што Национаното координативно тело против семејно насилство не функционира, иако е конституирано со одлука на Владата на Република Македонија во 2015-та година. Тоа ја доведува во прашање координираноста и соработката на надлежните институции за постапување со деца-жртви и сведоци на семејно насилство што претставува

една од целите на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Досега, од страна на Државата не е изработен извештај за ефектите од примената на Законот, од причина што е предвидено овој извештај да го изготвува Националното координативно тело, а тоа сè уште не е започнато со работа.

Нефункционирањето на Националното координативно тело, како и фактот дека не постојат официјални информации за формирање на мултисекторски стручни тимови со претставници од повеќе органи и институции што работат на полето на семејното насилство и кои изготвуваат безбедносен план за заштита на жртвата, ја потврдува и четвртата посебна хипотеза, која се однесува токму на зависноста на ефикасната заштита на децата-жртви и сведоци на семејно насилство од координацијата и соработката на надлежните институции и органи во оваа област.

Втората, шестата и седмата посебна хипотеза се однесуваат на условеноста на заштитата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство од материјалните и човечки капацитети на органите и институциите, од нивната опременост, но и од тоа дали со децата постапуваат специјално обучени професионалци.

Согласно информацијата од МВР, полициските службеници имаат поминато обуки од областа на Законот за правда за децата, превенција од сексуално насилство над деца, заштита на децата од насилство и злоупотреба, заштита на децата-жртви во правните постапки и слично. Сепак, забележителен е недостатокот од службени лица од женски пол, а искуството покажува дека жртвите на семејно насилство самите бараат и подобро комуницираат кога службеникот е жена.

Според Годишните извештаи на Народниот правобранител на РМ и Извештајот од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство на Националната мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, не постои унифицираност на

постапувањето на полициските службеници, но, генерално, постои пасивност и несензибилитет за жртвите на семејно насилство. Обврската за излегување на местото на настанот се почитува, но во најголем дел случаите завршуваат како поплаки без да се иницира кривична постапка или поднесе предлог за привремена мерка. Жртвите не ги информираат за нивните права, а сторителите на семејното насилство најчесто поминуваат со усна опомена или со прекршочна казна за нарушување на јавниот ред и мир.

Слична е ситуацијата и со вработените во Центрите за социјална работа што се должи на недоволното располагање со човечки капацитети за би можело да се одговори на сите обврски и должности. Вработените се преоптоварени и не доволно ги информираат жртвите за механизмите за заштита.

Материјалните капацитети на институциите и органите, во смисла на нивна опременост и просторни капацитети, се прилично скромни од причина што државата издвојува малку парични средства од буџетот на Министерството за труд и социјална политика за областа на семејното насилство. Така на пример, за 2016-та година овој буџет изнесуваше 2.683.963,00 ден. што е премалку за реалните потреби на институциите коишто работат во оваа област.

Центрите за згрижување на жртви на семејно насилство, кои ги има само четири на целата територија на државата, имаат вкупен капацитет од само 30 кревети, што е 3% од вкупната бројка жртви која годишно изнесува околу 1.000 нови пријавени случаи на семејно насилство.

Третата и петтата посебна хипотеза се однесуваат на пресудната улога што ја имаат начелата на информираност, итност и тајност во постапката и начелото на одбегнување на непотребен контакт на детето со правниот систем, во процесната заштита на децата-жртви и сведоци на семејно насилство.

Со индикаторот бр.4 од Анализата на состојбата во заштитата на правата на децата–жртви и сведоци на семејно насилство од

Истражувачкиот дел, се утврди дека жртвите се повеќе препознаваат и пријавуваат психичко насилство и пред тоа да прерасне во насилство со последици по нивниот физички интегритет- во физичко насилство. Тоа се должи на поголемата информираност и подигнувањето на свеста за семејното насилство и неговото препознавање уште пред тоа да ескалира во потешка форма која го загрозува животот и здравјето. Превенцијата од семејно насилство се спроведува, во најголема мерка, од страна на невладините оргаизации и здруженија на граѓани, додека Државата за периодот од 2015 г и 2016 година нема спроведено кампања за за подигнување на свеста и препознавање на семејното насилство.

Народниот правобранител и Националната мрежа се на став дека стручните лица во институциите не обезбедуваат доволно информации за правата , мерките на заштита и постапките за отстварување на правата. Тоа, всушност, е виливо и од фактот што жртвите поднесуваат мал број предлози за изрекување привремени мерки или постапките често не се довршуваат целосно.

Бесплатната правна помош е тешко достапна за жртвите на семејно насилство. Не се почитуваат законските рокови за донесување на одлука по барање за бесплатна правна помош, а жртвите треба да приложат посебна потврда дека се регистрирани како жртви на семејно насиство и во МВР и во ЦСР, што е обесхрабрувачки за оние лица што сè уште не се спремни да го пријават сторителот.

Начелото на тајност, генерално, се почитува (со ретки исклучоци), како од страна на институциите, така и од страна на медиумите. Во Кодексот на новинари се прокламираат основни принципи на кои треба да се придржуваат новинарите, како на пример да се покаже човечност кон лицата што се, можеби, неповолно засегнати од веста, да се биде особено внимателен кога се работи за деца или за неискусни извори или учесници во збиднувањата, да се биде деликатен кога се прави интервју на лица што преживеале некоја трагедија или се во голема болка, да се биде свесен за тоа дека собирањето информации може некому да му нанесе штета, да се биде

претпазлив кога се открива идентитетот на малолетни осомничени лица или на жртви на сексуални кривични дела.

Сосема спротивна е ситуацијата со начелата на итност и одбегнување на непотребен контакт на детето-жртва и сведок на семејно насилство со правниот систем. Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство предвидува временска рамка од 24 часа за одлучување на судот по предлог за изрекување привремена мерка за заштита од страна на МВР и седум дена по предлог на жртвата или ЦСР, меѓутоа во повеќе од половина од случаите, судиите ги надминале роковите за донесување на судската одлука. Одолговлекувањето на постапката, како и пасивниот пристап на МВР и ЦСР кон пријавите за семејно насилство негативно влијае на заштитата на жртвите од причина што се остава простор за повторување на насилството, но предизвикува и губење верба кај жртвата во органите и институциите што треба да им овозможат заштита. Тоа резултира со голем број на повлечени предлози за привремени мерки од страна на жртвата и откажување од понатамошно водење на правните постапки. Кога жртвите се принудени повеќекратно да го пријавуваат сторителот поради несериозниот пристап на институциите, во голема мерка се наштетува токму на децата кои се исто така жртви на семејното насилство (директно или индиректно) кои неколку пати се принудени да даваат изјави и повторно да го преживуваат немилиот настан. Ова, во потполност, се коси со меѓународните начела и стандарди кои налагаат итност на постапките и заштита на децата од секундарна виктимизација.

Со сето она што е наведено досега, потврдени се сите посебни хипотези, што доведува и до еден генерален заклучок за постигнат напредок во правната регулатива за заштита на правата на децата жртви и сведоци на семејно насилство. Сепак, постои одредена дискрепанца помеѓу законите и нивната практична имплементација, имено сеуште не се создадени доволно правни и институционални предуслови за целосна заштита на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство во правните постапки пред

надлежните управни и судски органи, со што е потврдена и општата хипотеза на истражувањето.

## ПРЕПОРАКИ

Како сублимат на сите сознанија добиени како резултат на спроведеното истражување, но и на оние кои се стекнати врз основа на анализа на домашната и меѓународната правна регулатива, релевантната литература и националните и меѓународни извештаи, се препорачуваат следниве чекори за подобрување на системот на заштита од семејно насилство, воопшто, а особено за заштита на правата на децата-жртви и сведоци на семејно насилство:

- Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството над жените и семејното насилство донесена 2011 година во Истанбул. По нејзината ратификација на 22.12.2017 година, останува да се работи на нејзиното заживување и реална примена на сите стандарди што таа ги предвидува.

- Започнување со работа на Националното координативно тело против семејно насилство и изготвување на извештај од страна на Државата за состојбите во областа на заштитата од семејно насилство, но и унапредување на соработката и координацијата на надлежните институции во справувањето со семејното насилство (меѓу останатите форми на соработка, формирање на мултисекторски стручни тимови, како и координираност на ЦСР со АВРМ преку заеднички програми за економско осамостојување на жртвите ).

- Унапредување на соработката на државата и локалната самоуправа со организациите и здруженијата на граѓани што работат на оваа проблематика, односно меѓусебно партнерство во вршењето сервиси во областа на заштитата од семејно насилство.

- Распределување на повеќе човечки и материјални, односно финансиски ресурси од страна на централната власт за

имплементирање на меѓународните стандарди во системот на заштита од семејно насилство.

Општините исто така можат да дадат свој придонес во сузбивањето на семејното насилство со отворање на советувалишта за жртвите и сторителите и згрижувачки центри за жртвите, специјализирана подршка во форма на психосоцијална помош и правно советување, но и во активностите од областа на превенцијата кои најефикасно се спроведуваат преку училиштата кои се во надлежност на општината.

- Похрабар пристап во примената на привремените мерки за заштита, особено на мерката отстранување на сторителот од домот без оглед на сопственоста. Индикаторите покажуваат многу селективна примена на оваа мерка. За сметка на тоа, жртвите го напуштаат домот и се сместуваат во Центри за жртви, што е многу штетно за децата, чија што најприродна средина е нивниот дом.
- Ослободување на жртвите од плаќање на судски такси како и од надоместоци за извршени здравствени услуги и подготвување документација од страна на здравствените установи.
- Донесување на национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство за период од пет години, што е особено значајно за спроведување на превентивните мерки во насока на подигнување на свеста за семејното насилство уште од најрана возраст, како на пример, кампањи и наставни програми во училиштата.

Потребно е децата да усвојат ненасилно однесување и мирно решавање на конфликтите, да ги осознаат вистинските семејни вредности ослободени од традиционалните стереотипи дека мажот треба да ја докажува својата надмоќ (сторителите на семејно насилство, во најголем број се мажи, а насилството најмногу се врши врз сопруги) и да го зајакнат својот интегритет и самопочит со цел во

иднина да се одбегне, тие да станат жртви на насилство (индикаторите покажуваат дека жртви на семејно насилство претежно се жени и деца на возраст до 15 години). Во училиштата, треба да се воведат наставни програми кои ќе ги научат децата дека односот со другите луѓе треба да се базира на взаемно почитување и еднаквост меѓу половите. Треба да се работи на менување на ставовите и сфаќањата и создавање на свест за насилството со цел да се сменат сфаќањата и нормите.

Медиумите, као електронските, така и пишаните, треба да се вклучат во кампањата за превенција и спречување на семејното насилство, најмногу со промовирење на здрав пристап кон семејството, но и со соработување со институциите кои се справуваат со овој проблем во смисла на заштита на приватноста на децата и човечен пристап при известувањето за ваков тип на настани.

- Особено внимание да се посвети не само на обуката на професионалците што постапуваат со децата жртви на семејно насилство, туку и на нивната психичка состојба заради зголемување на сензибилноста во односот кон жртвите. Иако обуката и искуството се неопходни на службените лица, тие не се доволни за успешна работа со жртвите и сведоците. Професионалниот стрес на кој се изложени овие лица и секојдневното соочување со туѓото страдање, може да доведе до психолошки последици кои не само што ја намалуваат ефикасноста во работењето туку и претставуваат опасност по нивното ментално здравје. Луѓето кои работат со трауматизирани личности, поради постојаната изложеност на стрес, можат да се доведат до состојба на емоционална исцрпеност која е позната како професионално согорување, но и во потешки психички состојби како т.н. контратрансфер (пренагласени емоционални реакции на професионалецот кои произлегуваат од неговата лична и професионална историја) или т.н. посредна траума (кога настаните што ги опишуваат жртвите влијаат на професионалецот како и тој

самиот да ги доживеал, па манифестира исти или слични трауматски реакции) .

Сето ова може да ги замагли границите помеѓу помагачот и оној што бара помош, а во некои случаи може да доведе и до циничен и рамнодушен однос на професионалецот спрема жртвата и, со тоа, да го онеспособи за понатамошна работа. Третманот на жртвата и сведокот и заштитата на неговите права наполно зависи од квалитетот на односот на професионалците што се вклучени во оваа проблематика.

## ЛИТЕРАТУРА

Bogoevska, N., 2017, Analysis of National Legislation Relevant to the Safeguarding of Children and Vulnerable Adults in CEE, Country Report: RM

Bottoms, B., Najdovski, C., Goodman, G., 2009, Children as victims, witnesses and offenders, Psychological science and the law, Guilford Press

Gerard Egan, 1982, The Skilled Helper Model, Skills, and Methods for Effective Helping, Brooks/Cole Publishing,

Hjelmsater, Landstorm, 2013, Interviewing child witnesses, Proceedings of the Erasmus Mundus Joint PhD in Legal Psychology Theoretical Course, University of Gothenburg

J. Richard, 1998, "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment", Oxford University Press

Savjak,N., Ninkovic O., Hdziomerovic-Muftic, H., Ulertilovic, D.,Kuldija S.,Arula B.,2017,Pravda za svako dete,Prirucnik za postupanje sa djecom zrtvama i svjedocima krivicnog djela, UNICEF, Sarajevo

Siobhan Laird, 2010, Practical social work law- Analysing court cases and inquiries, University of Nottingham

Арнаудовски, Љ., 2007, Криминологија, Штип: 2-ри Август

Арнаудовски,Љ., 2013, Криминолошки пристап кон деликтите на насилство, 1.01 Изворна научна статија

Бужаровска, Г., 2006, Малолетничка правда од ретрибутивност кон ресторативност, МРКПК бр.3

Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска,О., 2012, Меѓународни документи за спроведување на малолетничка правда, СППМД – Кавадарци

Габеров, М., 2017, Феноменологија на семејното насилство, Скопје Факултет за правни науки, Европски Универзитет РМ

Габеров, М., 2016, Теоретски аспекти на насилството-агресијата, Скопје, Факултет за правни науки – Европски Универзитет Република Македонија

Груевска, А., Дракулевски, 2013, Семејното насилство во РМ, Скопје, 1.02 Прегледна научна статија УДК 343.54/.55(497.7)

Димовски, С, 2014, Заштитениот сведок како инструмент во македонскиот правен систем, Велес

Кајзер, Г., 1995, Криминологија, Скопје, Александрија,

Камбовски,В., 2003, Казнено право,посебен дел, Скопје, Просветно дело

Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, 2015, Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Нанев,Л., Илиевски,Ј., Јакочевска Л., 2014, Процедури за постапување со дете-жртва, СППМД - Кавадарци

Соколова, Газепова, 2011, Живот без насилство е мојата иднина-прирачник , Радовиш, АУСЖМ “Женска Акција”

Чачева, В., Фришиќ, Ј., Мишев, С., 2006, Живот во сенка, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ-ЕСЕ

UNODOC Vienna, 2009, Handbook for professionals and policymakerson justice matters involving child victims and witnesses of crime, UN, New York

http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/childjustice/Examples%20of%20good%20practices_en.asp, посетено Јануари 2017

http://www.scotland.gov.uk/Resource/Doc/47176/0025087.pdf, посетено Јануари 2017

Конвенција за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство на Советот на Европа, 2011

ОН Конвенција за права на детето, 1989

Општ коментар бр.14 на Комитетот за права на детето, 2013

Упатства на ОН за правда во ситуации во кои се работи за деца-жртви и сведоци на криминал, 2005,ОН Насоки во правдата по мерка на децата жртви и сведоци на кривични дела

Упатства на Комитетот на министри на Советот на Европа во однос на правда по мерка на децата 2010 г.

Декларација за основните начела на правда за жртвите од криминал и злоупотреба на моќ и службени овластувања 1988 г.

Универзалната декларација за човекови права на ОН од 1948 г.

Виенската декларација и акциона програма на ОН од 1993 г.

Декларација за борба против насилство врз жени вклучувајќи го и семејното насилство од 2006 г. на ОН

Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жени (CEDAW) со Факултативен протокол кон CEDAW и Заклучни препораки кон CEDAW на ОН

Препорака на Комитетот на министри до државите членки за заштита на жените од насилство – Совет на Европа 2002 г.

Правда за децата (прирачник) UNICEF

Прирачник за стручни лица кои донесуваат правосудни одлуки за прашања кои вклучуваат деца жртви или сведоци на кривични дела, UNODC и UNICEF

Совет на Европа:Примери од добри пракси на правда по мерка на децата, Унгарија, Полска

Закон за правда за децата-Сл.Весник бр.148/2013

Закон за малолетничка правда – Сл.Весник бр.87/2007,103/2008, 161/2008 и 145/2010)

Закон за заштита на сведоци – Сл.Весник бр.38/2005 и 58/2005

Закон за кривичната постапка- (Сл.Весник бр.150/2010,100/2012 и 142/2016)

Закон за заштита на децата-Сл.Весникбр.98/2000,17/2003,65/2004,113/2005,98/2008,107/2008,83/2009,23/2013

Кривичен законик- (Сл.Весник на РМ бр.37/1996,80/1999,4/2002, 13/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015)

Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство-(Сл.Весник бр.138/2014, 33/2015 и 150/2015)

Закон за семејството – (Сл.Весник бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015)

Закон за парничната постапка („Службен весник на РМ бр. 79/2005,

110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015)

Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016)

Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2009, 185/2011, 27/2014 и 104/2015)

Закон за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016 и 21/2018). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 211/2006 од 05.11.2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2008. Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2009).

Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2007 и 111/2008). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.124/2008 од 14 јануари 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2009.

Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008 и 150/2010). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 256/2007 од 16 април 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2008; У. бр. 74/2008 од 10 септември 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/2008; У. бр. 124/2008 од 14 јануари 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2009 и У. бр. 12/2011 од 29 февруари 2012 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2012

Заеднички протокол за постапување во случаи на семејно насилство, Влада на РМ,2011

Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015

Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021.

Годишен извештај на Народниот правобранител за 2014, Канцеларија на Народниот правобранител

Годишен извештај на Народниот правобранител за 2015, Канцеларија на Народниот правобранител

Годишен извештај на Народниот правобранител за 2016, Канцеларија на Народниот правобранител

Извештај за мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство за 2015-та и 2016-та година на Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – Глас против насилството

Прирачник за постапување на судовите во постапките за заштита од семејно насилство, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, 2015

Водич за психолошка помош и подршка на жртвите на семејно насилство : програма за работа на психолошко советувалиште за семејно насилство. - Скопје : Здружение за еманципација, солидарност и еднавост на жените на РМ - ЕСЕ, 2010

Стандарди и процедури за постапување на центрите за социјална работа, Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности, 2014, „Св.Климент Охридски“ Скопје

Кодекс на новинари, Здружение на новинари, 1996